## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Единаесеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 февруари 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахемти, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зимрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Александар Николовоски, Кенан Хасипи, Кадри Незири, Илинка Митрева, Лубчо Герогиевски, Тито Петковски, Павле Трајанов, Даут Реџепи, Арбен Џафери и Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата. Повелете.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Со оглед на спецификата на ситуацијата на стечајците, а во договор со нивните претставници и со предлагачот на законот да им се излезе во пресрет како и според едногласната согласност постигната на координацијата со сите шефови на пратеничките групи одржана на 29 јануари 2007 година предлагам Дваесет и четврттата точка од утврдениот дневен ред на оваа седница -Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон да биде разгледан пред останатите точки на дневниот ред под услов претресот на законот да се заклучи и по него да се гласа не подоцна од 18,00 часот, независно дали во 18,00 часот ќе има уште пријавени пратеници за збор.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 73 пратеници, 72 гласале за, воздржано гласал еден, против нема.

Констатирам дека Предлгот е усвоен.

**Минуваме на точката 24-Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

ВМРО-Народна партија поднесе предлог закон за дополнување и изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Тој гласи: “Осигуреникот стекнува право на пензија кога ќе наполни 25 години стаж без оглед на годините на живот доколку работниот однос му престанал во период од 31.03.2000 година до денот на влегување во сила на овој закон во поведена стечајна постапка согласно одредбите на Законот за стечај”.

Со предложените измени во овој Закон во поглед на овозможување на стечајните работници да се стекнат со пензија се решава еден сериозен проблем не само на луѓето кои стојат пред ова Собрание, туку и на државата.

Оваа наша реакција има длабока уставна основа. Нашиот потег го влечеме базирајќи се на Уставот на Република Македонија и не треба да заборавиме еден факт кој намерно или ненамерно ја нема својата полна јавна експресија, а тоа е членот 1 од Уставот во кој меѓу другото јасно и децидно се прокламира дека Македонија е и социјална држава. Ова значи дека државата има должност и обврска да обрнува специјално внимание на социјалната грижа, праведност, сигурност и правда на овие граѓани и на сите други граѓани.

Во мислењето доставено до претседателот на Собранието на Република Македонија од Владата, стигнато на 17.11.2006 година во еден пасус на образложението на Владата се вели вака: “Според член 34 од Уставот на Република Македонија граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со Закон и колективен договор, додека пак според член 35 од Уставот воспоставува обврска за Република Македонија како демократска и социјална држава да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелот на социјалната праведност.

Врз основа на овие уставни одредби произлегува и правото на социјално осигурување, а во тие рамки и пензиско и инвалидско осигурување како едно од основните права на граѓаните и еднакво за сите граѓани”.

Понатаму, во текстот Владата, се разбира, дава негативно мислење за предложениот закон со образложение.

Дека, не станува збор за популизам и политички маркетинг факт е дека ВМРО-Народна партија овој проект го презентира во Собранието на Република Македонија веќе две години. Значи, ВМРО-Народна партија беше единствената партија која сериозно го отвори овој проблем и пред изборите, а и во минатиот пратенички мандат во Собранието на Република Македонија, кога истиот Закон беше поднесен од пратениците на ВМРО-Народна партија и Собранието го изгласа. Законот не беше потпишан од претседателот Бранко Црвенковски и понатамошната постапка беше прекината поради изборите и новото парламентарно мнозинство.

Иако некој нема да се согласи и од искуството од неколкуте изминати денови знам дека ќе се обиде да полемизира со мене, убедена сум дека оваа политика која ја предлагам ја наоѓа својата суштина во идеологијата на десните народни конзервативни, демохристијански политички партии и тоа во неколку принципи.

Прво, принципот на солидарност, кој е еден од основните политички постулати на десната политичка идеологија и која значи дека политичките партии на десницата се залагаат за меѓусебно помагање на десницата односно солидаризирање на поголема групација на граѓани, или како во конкретниот случај на мнозинството граѓани за помагаење на малцинството на граѓани кои се наоѓаат во тешка социјална состојба.

Принципот на супстибиарност, кој е исто така еден од основните постулати на десната политичка идеологија и кој во своја суштина ја има засновано интервенцијата на државата како организиран механизам на граѓаните во лоцирањето, детектирањето и решавањето на општествено негативните појави и проблеми.

Исто така како десна политичка опција во реализирањето на нашата политика се придржуваме на конзервантивниот хуманизам кој во својата суштина опфаќа збир од активности и мерки кои треба да се спроведат за да се обезбеди социјална правда односно да им се помогне на оние кои не се во состојба да си помогнат самите од објективни причини кои се создале како сплет на околности.

За појаснување, другото име на политичката терминологија за конзервативниот хуманизам е Христов социјализам. Со ова сакам да појаснам и да антиципирам евентуални реплики дека ова е левичарски потег. Но, и да е таков ние тоа ќе го прифатиме и стоиме зад она што сме го дале како предлог.

Зошто треба да се усвои почитувани пратеници и зошто ви се обраќаме вам во Собранието овој Закон, со цел не само да им помогнеме на луѓето,да им помогнеме на луѓето,  да си помогнеме сами себе, да и помогнеме и на државата.

Она што многу често се спомнува како реакција на ММФ или дека овој закон можеби не е уставен, затоа што се прави подвојување на одредени луѓе, всушност на оние кои се невработени, или затоа што ќе реагирал ММВ и Светската банка.

Длабоко сум убедена дека навистина не сме ги исцпиле сите можности, сите механизми да дообјасниме и во Меѓународната заедница кои се овие луѓе за кои што одреден број на политичари во Македонија велат дека за нив нема превод во англискиот јазик. Точно така е. За стечајните работници нема превод во англискиот јазик, но стечајните работници се реалност на оваа држава и не се еднакви како другите невработени.

Ќе се обидам да објаснам зошто тие не се еднакви. Затоа што тие луѓе 25 години ја задолжуваа оваа земја. Тие го вложувале својот труд во изградбата на земјата, значи некои 20 а некои повеќе од 25 години придонеле во развојот и најбитно плаќале пензиско и инвалидско осигурување долго време. Наша обврска е сега кога им е најтешко да ги поддржиме во најмала рака да им го валоризираме трудот кој со децении го вложувале . Само на тој начин се остварува една длабока и психолошка димензија на создавање на чувство, на патриотизам или сакање на сопствената земја. Тоа е оној економски патриотизам за кој некои од нас упорно зборуваат, а сега имаа шанса и да го докажат. Најбитно е тоа што тие лица го имаат заслужено што денес го бараат. Тие ги имаат остварено правата во разни фондови и бараат да им се придаде она што е нивно и го изработиле во својот работен век.

Имено, на сите нив им е познато дека секој работи за својот вложен, интелектуален и физички труд, добива соодветен надомест изразен во плата. Платата во својата суштина има две компоненти.

Едната е категорија или компонентата бруто плата која е поширока и која е поголема од износот нето плата.

Нето платата е паричен износ кој работникот го добива на крајот на секој месец и тоа е непосредна потрошувачка и за задоволување на секојдневните тековни потреби во рамките на временски интервал, најчесто од еден месец, во други земји еднаш неделно или на две недели итн.

Разликата меѓу бруот и нето плата ја претставуваат придонесите. Тоа е токму оној дел од платата кој во целост ја заработува работникот, но не ја добива цела бидејќи околу половина од таа плата ја отстапува на државата за задоволување на општите социјални потреби.

Бидејќи се работи за значителен дел на средства кои работникот ги заработил, па потоа ги отстапил на државата треба да бидеме внимателни. Токму тоа овие луѓе го правеле повеќе од две децении односно најмалку 25 години. Со нивниот труд тие заработувале и придонесувале. Денес ние во Собранието добивме плата и јас на моето ливче од платата гледам дека пензиско осигурување е 21,2%. 25 години луѓето плаќале пензиско

осигурување со некој процент. Тој веројатно бил различен, но денес изнесува толку.

На моето ливче за плата гледам придонес за вработување 1,6%. Тие луѓе плаќале придонес за вработување 25 години, затоа што и јас толку работам и знам дека од денот на моето вработување до ден денес плаќам придонес за вработување.

Значи, овие луѓе да се наоѓаат во било која западно европска земја каде што ние имаме тенденција да се интегрираме сега после 25 години работен стаж ќе имаат право да се обратат кај сопствениот службеник кој водел евиденција за овие давачки и да ги побараат назад парите кои ги вложиле во државата да ги добијат целосно, во кеш, или на чек, или евентуално во вид на пензија, се разбира не секаде, но некаде има и такво решение. Бидејќи ние тоа поинаку сме го решиле за тоа ќе продискутирам малку подоцна.

Зошто пак треба да се донесе овој закон? Затоа што се работи претежно за луѓе со поодминати години на старост односно околу просечна старост на 55 години.

По сите закони и логики на пазарот, тие не се конкурентни да најдат ново вработување, бидејќи нормално во предимство во овој момент и во нашата земја, а и во другите имаат оние помладите, кои се повеќе работоспособни, кои се едуцирани да вршат соодветни работни дејства кои ги бараат работодавачите, знаат странски јазик, знаат да се служат со компјутери, завршиле курсеви за менаџменти во земјата и во странство и кои навистина на работодавачот, без оглед дали е општествен, јавен сектор или од приватен, навистина ќе му донесат повеќе профит.

Главно, станува збор за една структура на работници кои не се висококвалификувани и кои требало да бидат прекфалификувани, а на кои тоа не им се случило и не е направено. Овој закон треба да се донесе заради старосната структура која навистина се наоѓа на улица и во безизлезна состојба. Вчера ми се случи еден интересен феномен. Јас минатата недела од три државни институции побарав, според законот на достапност на информациите, информации за бројот на стечајните работници, за тие кои примаат социјална помош итн, значи во две институции. Едната е Агениција за вработување, беше прекршен законот, затоа што на пратеник од Собранието на Република Македонија не му испратиле информација така како што треба, но за среќа од една институција добив информации и едно вакво писмо.

“Во рамките на Европската унија заради обезбедување на интегритетот одржливоста и солвентноста на пензиските системи во последните две декади се превземени низа на реформски зафати. При тоа, главно, се користат 5 алатки со кои е обезбедена потребната флексибилност на пензиските фондови. Зголемување на потребните години стаж. Зголемување на висината на придонесот, усложнување на режимот за рано пензионирање или предвидување дедукции при рано пензионирање. Адаптирање на пензиите спрема економските услови и модификација на пензиската формула. Секако, една од поважните реформи на пензиските системи во рамки на Европската унија и да не ги набројувам земјите, беше зголемување на бројот на потребните години стаж за стекнување со право на пензија, што беше условен во 70-те и 80-те години и тоа се направи во нашата држава. Но, има еден коментар, а тоа е дека овој реформски зафат обезбеди зајакнување на пензиските фондови, меѓутоа од друга страна продуцираше намалување на социјалната заштита на постарите невработени лица. Заради спречување на ваквите последици на меѓусебно ниво, беа донесени неколку правни инструменти, програми за вработување на постари лица, кои по некој основ го загубиле правото на работа, нешто што ние во нашата држава се уште не сме го донеле и кое допрва не очекува”.

Бидејќи овие луѓе чекаат 15 години, јас не сум сигруна дека некои од нив ќе успее да го дочека сето ова ние да го направиме. Овој закон треба да се донесе, затоа што овој наш предлог нема етничка димензија. Во оваа ситуација се погодени илјадници луѓе македонци, албанци, турци, роми, власи, срби, бошнаци и сите други кои немам намера да ги набројувам.

Друг аргумент кој говори во насока на оправданоста на причините поради кој го предлагаме овој закон е следното. Ако не го подржиме овој закон, ние на некој начин ќе постапиме ретроградно. За што станува збор? Ние имаме денес во голема мерка реформиран на пензиско осигурување. Како најголема придобивка на тој реформиран систем е придобивката превземена од развиените западни демократии и пазарни стопанства, што обезбедува стабилност во системот. Тоа е онаа нејзина компоненета, оној столб кој овозможува штедење што ние го воведовме во минатата година. Се работи за компоненета преку која граѓаните имаат право да ги определат своите придонеси, да ги плаќаат во фонд, во кои парите од придонесите едноставно се таложат и се штедат, а останатиот дел, како што на сите вас ви е познато во социјалниот столб за пензиско осигурување кој функицонираше во минатиот систем и до пред една година. Ако е ова најголема реформа, за најголема реформа во нашиот пензиски систем, тогаш и на лицат на кои се однесува овој закон се во своевидна ситуација, истиот на некој начин да го користат, а тоа е она за кое јас пред малку зборував дека доколку системот тогаш им овозможил да ги заштедат своите пензии, тие сега ќе беа, т.е. своите проценти кои ги давале за пензиско и инвалидско осигурување сега ќе беа способни или ќе имаа можност, дел од своите заштедени средства да ги имаат на располагање. Да се надоврзам на претходното, лошо е што тогаш сме живееле во таков систем, лошо е што системот за пензиско

осигурување бил проектиран да биде солидарен и социјален. Ова го велам за оние лиѓе инаку како принцип не спорам. Но, да живееле и работеле овие лица во Германија, во Швајцарија или сега во Македонија, ние денес немаше да расправаме на оваа тема. Голема вина можеби и пресудна за оваа тешка ситуација во која се наоѓаат стечајците носат повеќе влади, кои јас нема да ги именувам, но главно влади на СДСМ. Жал ми е, па затоа сега ви се обраќам дека сте должни да им помогнете со подржка на овој закон, тие кои го почнаа маратонското долготрајно трансформирање на општествениот капитал, кој ни до ден денес не е завршен и кој сите заедно заклучивме дека во најголем дел беше криминално трансформирање на овој капитал. Овие луѓе се жртви на таа приватизација во Македонија, која се спроведе на најнесоодветен начин. Тоа што е готово, е готово, ревизии не можеме ниту треба да правиме, затоа што за тоа немаме време, но пак сме должни на луѓето да им го дадеме тоа што е нивно. Значи во таа маратонска трансформација тие беа односно им беше ветено, беа изманипулирани тогаш. Тука се вели, во трансформација на општествениот и приватниот капитал ќе си ги остварата своите права на вработување. Навистина еден дел останаа да работат во приватизираните фирми во Република Македонија. Друг дел со закони кои тогаш беа носени, со докупување на пензии ако им останувваше малку до пензионирање, со други закони во тип на лек специјалист, со социјална помош, со парична надомест, остварија некое право и конечно останаа оние околку 6000 луѓе кои на никој начин не го остварија своето право и кои не се преквалификувани, не се вработени и не добија оштета од државата. Токму во таа насока ние во законот предвидовме временско ограничување така како што е дадено, од 31. 03. 2000 година до стапување на сила на овој закон, затоа што сите останати понекои други закони го оствариле своето право на социјално згрижување. Овие околку 6000 луѓе за кои јас не можев да добија точна бројка, иако имамв по закон право од институциите на државата и со глема сигурност тврдам дека се околу 6000 луѓе, сега наводно претставуваат проблем на држават. Бидејќи во периодот од кога го поднесовме законот, многу пати слушнав критики на име на ВМРО Народна партија дека не понудила решение, јас денес на крај од моето образложение би сакала да понудам неколку решенија, со кои би се обезбедиле финансиски средства за згрижување на 6000 луѓе. Само да потсетам дека тие 6000 поедици, веќе користат дел од помошта, но за тоа ќе зборувам на крај. Значи, од каде би можеле да се обезбедат дополнителни пари надвор од веќе предвидените од Буџетот на Република Македонија, за да го избегнеме притисокот на ММФ и Светската банка, а да го решиме проблемот на луѓето.

Предлагам по еден денар од секој литар нафтен дериват во Република Македонија да се префрлува во Фондот за ПИОМ во период од 6 години, затоа што нашата анализа вели дека во рок од 6 години сите 6000 ќе остварат старосно право на пензија. Значи, доколку еден денар на еден потрошен литар нафта граѓаните на оваа земја одвојат за Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување, јас ви гарантирам дека ќе има повеќе отколку за овие 6000 пензионирани работници. Многу апроксимативно податоци од Мак Петрол за 2002 година, 410 иљјади тони нафтени деривати се потрошени во Република Македонија. Оној што ќе купи 1 литрно бензин, ќе даде 1 денар, ако купи 50 литра бензин ќе даде 50 денари, 50 литра месечно бензин се 50 денари во Фондот за ПИОМ кои ќе бидат наменски определени за стечајните работници. ОКТА 2006 година, почитувани дами и господа, 721 360 иљјади тони нафтени деривати поединечно Мак Петрол, поединачно ОКТА, кога ќе ги собереме ќе имаме по 5 пати по 6000 стечајни работници. Зошто го велам ова, можеби и претерав, нека биде само дупло, со оглед на тоа колку и била просечната плата, нивната пензија би се движела од 5.200 до 6.000 месечно по човек. За да му биде појасно на ММФ околу 600 иљјади евра месечно би се трошело за пензиите на овие луѓе и секоја година таа сума би се намалувала. А, бидејќи нафтени деривати секоја година се повеќе трошиме, се повеќе пари би останувале на државата, не само за пензискиот фонд, туку и за други ургентни состојби кои би требало да ги решиме.

Втора можност, по 10 денари од секој литар жесток алкохол. Значи, покачување на акцизите барам јас, што тоа ние сме го користеле, па и меината влада го користеше со цигарите за здравството. Многу ме интересира еден ден кога ќе имаме можност да ни кажат колку пари се собираат од цигарите и каде се потрошени тие пари и колку во здравството, но од 10 денари од литар потрошен за алкохол во Македонија нема да бидат на штета.

Конечно, по 50 или 100 денари од секоја месечна претплата на мобилните телефони на државните избрани функционери вклучувајќи ги и пратениците тука, секако ќе придонесат за полнење на пензискиот фонд и за решавање на некои други ургентни прашања во државата . Во крајна линија, доколкуи Владата ги реализира 100-те чекори на преродба во 4 годишниот маднат и реализира пораст на Бруто домашниот производ од 5 - 8% годишно, тоа би значело пораст на националната економија и решавање на невработеноста. Јас искрено се надевам и ние затоа ја подржуваме Владата дека тоа ќе се оствари. Предвидените околу 150 иљјади нови вработувања, без оглед дали тоа ќе бидат стечајци некои други помлади или постари, некои пообразувани или помалку образувани, тие вработени преку првиот пензиски столб кој е социјален би обезбедувале пари за пензија на овие социјално загрозни лица. Државата годишно, еве и ова што пред малку го спомнав, што е малку од контекст од моите предлози, што е фактичка состојба, троши околку 4 милиони евра за

обезбедување не повеќе од 65 илјади домаќинства. Во овие домаќинства и најголем дел од семејствата на 6 до 7 илјади стечајци. Ако претпоставиме дека се работи за 4 члени домаќинства кои добиваат кои месечно до биваат по 3.600 денари социјална помош, за нив државата троши речиси половина милион евра . Овие пари ако стечајците со над 25 години стаж им ги префрлиме во пензија, сосема ќе ги покријат нивните потреби.

И, конечно, би завршила со тоа дека состојбата кај тие луѓе е уште потешка од ова што јас се обидов аргументирано да го објаснам. Значи,станува збор на семејства каде што три генерации на луѓе чекаат работа. Татко, син и внук. Таткото стечаец, синот не вработен, внукот кој завршил училиште и сака да се вработи се борат за едно единствено работо место во државата. Такви се многу. Сметам дкеа сите ние кои живееме во оваа држава, без оглед на тоа кој учествувал и во каква влада, кој бил во каква власт, кое било парламентарното мнозинство кон овие луѓе во континуитет на многу влади, вклучувајќи ја и оваа, им должиме на некој начин извинување односно им должиме да им го вратиме достоинството на луѓе кои 25 години работеле за сопствената земја. Тие за тоа навистина примале плата и работеле за сопственото семејство, но факт е дека при тоа со својот труд вложувале за да ние денес можеме да дискутираме за нивните судбини. Сметам дека им должиме такво нешто, сметам дека и во Буџетот можат да се најдат пари за да се реши, пак ќе го наречам нивниот проблем, иако тоа не е нивни проблем, но доколку не смееме и не сакаме да првиме никакви придвижувања во Буџетот јас понудив три најпопулистички мерки иако има многу посериозни со кои овие незначителни средства навистина би можеле да ги освоиме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам јас.

Збор има Роза Топузова Каревска, повелете.

Повелете, министре.

Сепак е ресорен минстерот.

**Љупче Мешков:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислев, дека со оглед на фактот дека сум министер во Министерството за труд и социјална политика по чиј надзор е токму остварувањето на правата за пензиско и инвалидско осигурување си зедов за право да побарам збор и да кажам неколку збора околку овој предлог.

Значи, респетирај ќи ја желбата на предлагачот да помогне на оваа група на граѓани на Република Македонија на извесен начин мислам дека и предлагачот е свесен дека навистина во случајот се работи за извонредно лош предлог на закон, не од аспект на неговата конструкција и нормативен акт, туку од аспект на решенијата кои се содржани во него, а кои имаат и ќе имаат долгорочни евентуално за прифаќање на еден ваков закон би имало долгорочни последици. Значи, не само од финансиски аспект туку би рекол многу посериозни последици од еден друг аспект за кој што сакам да зборувам и да кажам неколку збора.

Предлогот поаѓа од фактот дека со измената на Законот за пензиско и инвалидско осигурување треба на стечајците со 25 години пензиски стаж без оглед на староста да им се признае право на пензија.

Прво, во хармонизацијата со Европското законодавство и во реформираниот пензиски систем појдовме од фактот дека не може да се остварува право на пензија само врз основа на завршен пензиски стаж, туку мора да се содржи вториот ризик, а тоа е старост. Причините зошто е тоа така веројатно ви е познато, меѓутоа веќе во системот немаме признавање право само по основа на пензискиот стаж без ризикот на старост. Значи од тој аспект практично ваквото решение би било во спротивно во еден систем кој сега го велиме реформиран, кој што го градиме.

Второ, што е многу позначајно и посуштинско е фактот дека едно вакво решение практично ќе ја наруши уставноста на еднаквата положба на граѓаните, а во овој случај би рекол на осигурениците, поради тоа што не ќе можете утре, со едно вакво решение да му речете некому со 25 години пензиски стаж кога ќе поднесе барање за пензија, да му кажете дека вие немате право на пензија, а другиот кој има 25 години а е стечаен работник, тој има право на таква пензија. И финансиските импликации од вакво решение би биле многу поголеми, од 6.000 колку што е бројот на стечајните работници, и тоа би требало во рамките на Уставот и еднаквата положба на граѓаните, би се проширило на сите други кои имаат 25 години стаж, не земајќи го в предвид ризикот, старост. Значи, се работи за еден многу поголем проблем отколку што е на почетокот, освен ако сметаме дека само за овие 6.000 можеме да предвидиме посебни услови, а после тие услови, исти такви, да не се применуваат на другите граѓани во Република Македонија.

Трето што е исто така важно, терминот за кој што предлагачот зборуваше “стечаен работник” во постојниот систем на пензиското и инвалидското осигурување имаме термин “работник”, “осигуреник”, и “невработено лице”. Четврт термин нема. Тоа значи воведување на една нова категорија, нов термин што практично отстапува од постојниот систем.

Постојниот систем поаѓа од терминот, односно од терминот “невработено лице”. Тоа практично значи дека и стечајците и сите други, било кои категории што се надвор од работниот процес, сите тие се невработени лица.

Предлагачот зборуваше дека овие луѓе 25 години некој можеби и повеќе, веројатно, учествувале со придонеси во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со придонеси, меѓутоа, било какви барања за некакво евентуално враќање на такви платени средства се тотално во спротивност со целиот систем на пензиско и инвалидско осигурување.

Прво, со системот што е востановен принципот, би рекол на солидарност на пензиските систем со тековното финансирање на пензискиот систем, каде што ние вработените плаќаме а во исто време тие пари ги користат пензионерите, значи тоа би било во спротивност со таквите принципи. Се разбира, би биле во спротивност со условите што секој закон ги пропишува, па и Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Овие луѓе, стечајните работници, како и сите други луѓе, граѓани на Република Македонија можат да ги остваруваат правата од постојниот систем, од постојните законски прописи. Тоа е Законот за социјална заштита како и сите други граѓани што се наоѓаат во положба на социјален ризик, можат да побаруваат право на паричен надоместок за социјална заштита. Оние кои се неспособни за работа, тие во системот на пензиско и инвалидско осигурување можат да се јават во постапка за остварување на право на инвалидска пензија . Значи, тие ги имаат истите права што ги имаат и сите други граѓани на Република Македонија во постојниот систем, било да се работи за Законот за пензиско и инвалидско осигурување, било за Законот за социјална заштита.

Овој закон, да речеме, можеби е лош и од аспект на тоа што нема финансиски импликации односно пресметки, иако тоа не е тешко да се направи. Тоа би било како дополнителен проблем.

Би го илустрирал ова само со фактот дека потребните средства за исплата на пензиите во Република Македонија, за разлика од пред 20 - 30 години, кога само 7-8% тој Фонд се полнеше од Буџетот, сега имаме ситуација да од вкупно потребните средства, скоро 30% се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Тоа укажува на моменталната лоша состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што помалку или повеќе е состојба и во другите земји во Европа.

Затоа мислам дека донесувањето на овој закон, евентуалното негово донесување во Собранието,практично би создал многу други проблеми не само од аспект на овие што ги зборувам, туку и од аспект на тоа што утре, да речеме, ќе се јави некоја друга чувствителна, ранлива група во Република Македонија во овие економски состојби кои исто така, посебно и парцијално ќе бараат решавање на тоа прашање. Токму затоа Владата на Република Македонија се определи за еден пристап за, би рекол, подолгорочно и стратешко решавање на проблемот на невработеноста во Република Македонија. Овие луѓе се исто така невработени, стечајците како и другите. Тоа преку донесување на соодветни документи што ова Собрание и Владата ги донесе, а претстои ова Собрание да ги донесе, но за тоа веројатно во некоја друга можност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики?

За реплики се пријавени Оровчанец...

(Пратеникот Оровчанец укажува дека пратеникот Весна Јаневска има предност бидејќи бара збор како предлагач на законот, а исто така и тој бара збор како предлагач на законот, а не реплика)

Добро, давате предност.

Весна Јаневска како предлагач има предност, повелете, а после вие имате реплика.

(Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец изјавува дека бара збор исто така како предлагач)

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре,

Длабоко сум убедена дека ме разбравте, но дека сепак остана нешто не сосема сериозно проанализирано од ваша страна.

Ние не побаравме да им се вратат парите, она што го вложувале. Тоа е сосема јасно, сосема неиздржливо и не сакам такво нешто да се стави на грбот на предлагачите на овој закон. Тоа во законот и не го пишува, дека бараме да им се вратат парите кои тие ги вложувале за пензиското и инвалидско осигурување.

Рековте дека законот е лош и дека ќе има долгорочни негативни импликации. Јас ви тврдам, господине министре, дека во рок од 6 години нема да има повеќе ниту еден стечаец, вака ограничен од 31 март 2000 година до стапување на сила на овој закон.

Кои се стечајците? Па, почитувана Владо, оние кои се со Законот за стечај останати без работа, определени како такви со претходните лекс специјалист, што ги носела оваа држава за да го реши социјалниот проблем на луѓето останати без работа. И ова е еден вид на лекс специјалист што се однесува само на една определена група.

Дали е уставен законот, не можам да тврдам. Затоа ќе каже Уставниот суд, доколку ние го изгласаме. Според мене, е сосема уставен, според трите членови што ги набројав. Дали е така, тоа ние не можеме да тврдиме. Да прејудицираме нешто за што не сме надлежни, сметам дека не е во ред. Дали е уставен, уставноста се утврдува на Уставен суд и уставноста на законите исто така се утврдува на Уставниот суд.

Сепак сметам дека треба да се задржиме на тоа што ние, како предлагачи на законот го понудуваме. Одредена група на луѓе , во одреден временски период и за одреден временски период. Значи, не може да има долгорочни импликации. Сите 6000 луѓе, помалку од 6.000 во рок од 6 години ќе имаат старосна граница остварена за пензија. Нема да има други такви. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Сега, за реплики се јавија по следниот редослед: Андреј Жерновски, Оровчанец Ѓорѓи, Божиновска Валентина.

(Пратеникот Оровчанец Ѓорѓи реагира дека бара збор како предлагач, со зборовите:

Господине претседателе ние сме предлагачи, па според тоа не треба да има никаква разлика, треба и јас да добијам збор како предлагач)

Во Деловникот пишува “овластен од предлагачите” а тоа е госпоѓа Весна Јаневска. Така е тоа. И затоа велам да се држиме по редоследот. Секој ќе дојде на ред. Не е никаков проблем.

Значи, прв според пријавувањето, овој пат има реплика од 3 минути господинот Андреј Жерновски. Повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван господине Мешков,

Со исклучително внимание ја проследивме вашата дискусија. Имам едно прашање за вас.

Бидејќи вие кажавте дека ова решение што го предлагаат нашите колеги е спорно во однос на уставноста. Јас, колку што знам, вие доаѓате, вие сте предлог на Либералната партија и би сакал да ви поставам прашање зошто, кога во април минатата година, значи пред 5 јуни имавме Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување каде што исто така се проблематизираше уставноста на ова решение, пратениците од Либералната партија, кои беа присутни на таа седница, гласаа за?

(Дофрлање од место)

**Љубиша Георгиевски:** Молам, без дијалог.

Толку ли беше вашата реплика, интервенција од 3 минути?

Добро, сега контра реплика има министерот за труд, господинот Љупче Мешков. Повелете.

**Љупче Мешков:** Не знам зошто до мене се упатува прашањето. Треба да го упати до друг.

Второ, јас сега тврдам, апсолутно со сета стручност и знаење дека, ако се признае само на една категорија со 25 години стаж, а не на други, да го немаат тоа право, јас не велам дека ќе падне на Уставниот суд. Не знам дали ќе падне, но јас го кажувам моето мислење дека тоа не е во согласност со правото на еднаквост, пропагирано, односно застапено во Уставот на Република Македонија. Тоа го тврдам и сега.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, господине Ѓорѓи Оровчанец, вашите 3 минути реплика на излагањето на министерот. Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Јас мислам дека имавме настап на министер кој, едноставно, не знае како да го разреши проблемот, па со бирократски параграфи од законите за пензиско осигурување и памфлети од уставноста ги категоризира овие граѓани како категорија кои не постојат во оваа држава.

Јас не се согласувам со тоа што тој го кажа во неколку принципи. А тоа е дека принципот и ризиците на години на стаж и години на старост, ние, со законот најдовме преодно решение, каде што основно тие принципи ги одложивме на некој начин.

Втора работа, околу уставноста или категоријата дали со 25 години, има категории на вработени во оваа држава кои со помал стаж остваруваат полн работен стаж или остваруваат право на пензиско осигурување или стекнување на правата од пензиското осигурување.

Трета работа што сакам да ја кажам, тоа е зошто не го сакаме нашиот народ? Тоа е прашањето што треба да се постави на министерот.

Овде зборуваме за една групација од, еве произволно кажано од 5.000- 6.000 луѓе која што не може да се повтори во историјата на оваа држава повторно. Значи, оваа групациа од 5.000 луѓе не смее да остане заборавена од својот народ, односно од ова Собрание овде, за кое што е потребно практично да дискутираме.

Четврта работа, ако веќе одите на тоа дека веќе 30% од Буџетот се дава во Фондот, за исплата на пензиите, дека тоа не било така, дека било 8-9%, па тогаш можете и со други мерки да ги намалите овие работи, но тоа ќе биде веќе друга категорија. Можете да дадете ограничување на право на живеење за да не се трошат многу пензии. Да воведеме принципи на еутаназија. Иако, по ова што сега се случува, по однос на оваа популација, е еден принцип не само на хуманата деградација, туку е принцип на уништување на тие луѓе во секој поглед, од социјален, здравстве, психолошки, ментален, како сакате.

Мислам дека во оваа ситуација и во овој момент, без разлика колку ова решение технички не е најидеално, е најадекватното за решавање на проблемот на оваа групација на работници. Принципот на солидарност и од Владата е сигурно неопходен во оваа ситуација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има министерот за труд, повелете.

**Љупче Мешков:** Јас, како министер во Владата на Република Македонија сум должен да водам сметка за тие параграфи за кои зборува господинот Оровчанец, бидејќи законите се практично параграфи. Тие закони се донесуваат токму за тоа да се почитуваат и се што е пропишано со законот да се спроведува. Затоа се кажани тие параграфи и затоа се тие закони.

Во овој случај зборувам за Предлогот за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и затоа пошироко не се впуштам, бидејќи впуштивме во елаборирање на ова прашање.

А, констатацијата дали го сакаме народот или не го сакаме е многу сериозно обвинување, заради тоа што јас не реков дека овој закон предлагачите го предложиле заради рејтинг на својата партија, туку го почитувам како Предлог за што давам аргументи дека таков закон, дека неговото донесување би бил лош за системот.

Инаку, дали постојат други начини, не постојат. Тоа овде не е елаборирано. Овде зборуваме за Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, сега се вашите 3 минути, вашата реплика. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Токму тоа, почитуван министре, имате интервентен закон по кој може да разговараме. Во пледоајето кажавте дека е лош, но не објаснивте зошто е лош. А велите дека предлагачите тоа го знаат.

Не, напротив. Можеби знаеме дека формулацијата во односот на забелешките како да дојдеме до финансиските средства, за што веројатно понатаму ќе разговараме со министерот за финансии, но уставноста на законот не ви е образложена. Тоа е прво.

И, има една друга категорија што до сега не ја слушнав од вас, а де факто се однесува токму на Министерството за труд и социјална политика. Ама, воопшто не ме интересира дали во Законот постои категорија само работник, осигуреник и невработен. Токму е овој закон за да направиме нова категорија од стечајни работници и да го решиме од 31 март до стапување на сила. Значи, употребите една реплика што во овој момент деградирачка. Тоа е следно:

Не сме усогласени со европското законодавство.

Дали вие во Министерството имате национален координатор кој работи во моментов на усогласување на националното законодавство? Да, имате! Е, па, да ви кажам, вчера кога зборувавме со претставникот од Хрватска за Европската унија, ние немаме национален одбор кој ќе работи на тоа ниво. А, во националниот одбор, што доаѓа по предлог на претседателот на Владата, а претседател на тој национален одбор е претседателот на најголемата опозициона партија, токму и по овие проблеми ќе решава. Токму за усогласеноста. Тоа е една работа.

Втора работа, почитуван министре.

Се работи за, според последните статистички податоци од Заводот за статистика, 6.504 во категоријата на стечајци. Некаде се помалку, некаде со минатиот состав се околу 5.200-5.400. Точно знаете дека се некаде околу 7 милиони евра на годишно ниво. Немојте овде да ме убедувате дека можете со Законот за социјална заштита и со инвалидска пензија да ги решиме. Немојте, после потпишувањето на Болоњската декларација, што се однесува на образованието, дека ние овие луѓе кои имаат од 55, 45, 65 години, 70, погледнете ги надвор, дека тие допрва можат да се дошколуваат и дека работодавците, кога ќе ги видат, кога ќе влезат, ама веднаш ќе ги викнат на работа. Дајте, ве молам, со такви популистички реплики барем денеска да бидеме честитидни пред другите, да не ги убедуваме.

Впрочем, тоа што го нудите сега како Министерство во односот на вработувањето, се однесува токму на самохраните мајки и на децата без родители во односот на вработувањето, и немам спор. Навистина тука е добро.

Дајте да се договориме. Механизмот од министерот за финансии, да видиме, како можеме, за тоа можеме дури да имаме и координација...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, изминаа вашите 3 минути.

**Валентина Божиновска:** Ова не го прифаќам де факто.

И уште нешто претседателе, се извинувам, ве молам, уште една реченица.

Ние имаме уставна категорија, социјална држава. Зошто никој не се повикува на една друга категорија што значи општествена праведност кон социјалниот работник. Односно општествена справедливост.

Во овој момент, сакате тоа да го крстите хуманистички социјализам...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

**Валентина Божиновска:** Не ве молам.

Во односот на, (претседателот повторно ја предупредува на времето) ве молам, уште една реченица.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, после на сите ќе морам да им дозволувам.

Повелете, господине министре, имате контра реплика.

Плус, имавте една минута повеќе.

**Љупче Мешков:** Во поглед на уставноста, пак ќе повторам.

Да предложевте закон во кој што ќе предложевте со 25 години стаж без оглед на староста да се стекнува право на старосна пензија, тогаш веројатно би било поинакво моето образложение.

Но, вие предлагате 25 години само за одредена категорија а не за други граѓани. Затоа реков дека не е во согласност со уставното начело на еднаквост на граѓаните.

Второ, Владата на Република Македонија и министерствата ја носат МП Програмата за хармонизација со европското законодавство. На тоа секојдневно се работи и во Владата и во министерствата.

Трето, не знам од каде ги пресметавте 7 илјади или не знам колку евра, кога 6 илјади работници по од прилика 100 евра или нека се 90 евра.

**Валентина Божиновска:** 7 милиони евра.

**Љупчо Мешков:** Ако е 7 милиони, се седум милиони годишно, но ако пресметате очекувано користење на тоа право до пензионирање, ќе видите дека се 2,5 милијарди или не знам колку.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Да бидам искрена, на самиот почеток ќе кажам дека очекувам денешната расправа дури и да не трае до 18,00 часот да заврши многу побрзо и тоа да заврши во насока на очекувањата на стечајните работници кои и во овој момент се наоѓаат пред Владата. Зошто очекувам да заврши побрзо?

Пред се, реков заради тоа што скоро година дена во одредени интервали овие луѓе доаѓаат пред Собранието на Република Македонија, доаѓаат пред Владата на Република Македонија барајќи ја својата правда. Тоа е едниот аргумент.

Вториот аргумент кој ми дозволува да кажам дека ќе заврши брзо оваа точка и ќе заврши според очекувањата на стечајните работници е листингот што го имам кој кажува како пратениците ја изразиле својата волја кога за тоа се гласало на 13 април 2006 година. Со оглед дека поголем број пратеници се и во овој пратенички состав, поготово со оглед на тоа што тогаш имало поддршка од ВМРО ДПМНЕ, овој закон ја добил поддршката, а и сегашната координаторка Силвана Бонева тогаш дала поддршка, со оглед што таа во овој момент исто така е координатор на најзастапената пратеничка група во Парламентот, очекувам да ги убеди своите колеги и покрај негативното мислење на Влдата, и овој пат да останат доследни на себе си и да го поддржат овој закон. Токму поради тоа, а имајќи го во вид опсежното излагање на предлагачот, госпоѓата Весна Јаневска, јас само сосема накратко би сакала да дадам некои видувања.

За жал, министерот не е предлагач, но беше добро да биде тука за да слушне затоа што првиот дел од дискусијата беше упатен до него, сакам да го прашам зошто сега се повикува на уставната категорија, а не само тој и многу мина други во разговорот пред недела дена со стечајните работници кои на самата седница во април месец 2006 година, кажуваа нешто сосема друго, се повикаа на уставната категорија.

Почитувани колеги пратеници, ако ги погледнеме стенографските белешки од 26.04.2006 година ќе видиме дека ниту еден пратеник во ниту една пратеничка група тогаш, во тој момент не се повикал на уставноста. Напротив, тогаш сите дале поддршка и гласале, најголем дел од пратениците, во правец на позитивно решение за овој закон.

Тука би сакала на министерот исто така да му кажам дека и пратеничката група на Либералната партија каде што тој припаѓаше, дала, цитирам “без резервна поддршка на овој закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, бидејќи само на овој начин може да се исправи една огромна грешка направена врз една голема маса потполно невини граѓани кои најпродуктивниот дел од својот живот го вградија во темелите на оваа демократска земја”, да не цитирам понатаму. Дури на крајот во името на пратеничката група Милка Митковска кажува дека нема да се задржи само на оваа категорија луѓе, туку и понатаму ќе се бара да се најде решение за останатите луѓе кои треба да бидат опфатени со еден ваков закон, а во моментот се без работа.

Почитувани колеги пратеници, тогаш овој закон беше поднесен од пратеничката група на ВМРО Народна, но морам да кажам дека тој беше одраз на волјата на голем број пратеници. Токму поради тоа беше изгласан во овој Парламент.

Во насока на ова што претходно го говорев и да не биде дека еднаш кога сум дел од парламентрното мнозинство говорам едно, а кога сум дел од опозицијата говорам друго, а и од почит кон оние луѓе кои во овој момент се собрани пред Парламентот, јас нема да имам патетична дискусија, како штотогаш ја имаа голем дел на пратениците од опозицијата и со тоа да им се додворувам на стечајните работници затоа што со едни такви патетични дискусии сметам дека само ги повредуваме нивните чувства и дека се повеќе го допираме она најболното во нив односно дека им е нарушено достоинството на живот. Јас би сакала во таа насока да кажам дека во тоа време сум се обратила и сум го искажала ставот на пртеничката група на ЛДП, велејќи,тоа што сега го кажав дека многу е лесно од страна на опозициона партија да се поднесе еден ваков закон, а уште полесно е од претставниците на сегашните опозициони партии, а претходно од делот на парламентрното мнозинство да имаме популистички настапи и говори. Значи, тоа што законот бил поднесен од пратеничката група на ВМРО Народна, не го сметав и тогаш за зло, но само укажав дека ним во тоа време им беше полесно да го поднесат тој закон отколку да биде поднесенод пратеник од парламентрното мнозинство, но и тогаш и сега сум се спротивставила на популистичките дискусии на колегите пратеници од опозиционите партии, вклучувајќи ги пратениците од ВМРО Народна, пратениците од ДПМНЕ и пратениците од ДОМ и тогаш веќе НСДП што исто така дале поддршка, а особено пратениците од ДОМ, со една трајно популистичка дискусија се осврнале на овој закон.

Јас кажав дека во тој случај парламентарното мнозинство беше најодговорно. Значи сум кажала за судбината, не само на овие луѓе, туку воопшто и за судбината на државата. Сега истото тоа го мислам дека парламентарното мнозинство, почитувани колеги, и тогаш и во овој момент е најодговорно за судбината на овие луѓе. Затоа сум изненадена од негативното мислење што го добив од Владата и каде пишува дека, повикувајќи се на Уставот, ова е неуставна категорија. Ако тогаш се мислело дека е уставна категорија, не знам зошто сега се променило мислењето.

И уште нешто, колеги пратеници. Наше е да дебатираме по законот, можеби со некој амандман да ја подобриме содржината на законот и доколку сметаме, а бидејќи сме сметале така, само пред неполна година, повторно да го

изгласаме овој закон, не навлегувајќи во надлежностите на Уставниот суд, макар што јас не гледам, бидејќи овде беше добро образложено од предлагачот, зошто Уставниот суд би го поништил овој закон. Значи, наше е да им излеземе во пресрет на барањата на стечајните работници и да го изгласаме овој закон. Имено, во прилог на тоа, во 2003 година, потпишана е Европската конвенција која е ратификувана и во овој Парламент, т.н. социјална, која требаше да ги амортизира сите последици од транзицијата во сите земји каде тоа се случуваше и во голема мера да ги задоволи барањата на овој вид луѓе кои како жртви на таа транзиција останале без приходи односно воопшто не обезбедувајќи приходи за било каква егсистенција. Значи, повикувајќи се и на оваа конвенција и она што претходно го кажав, очекувам дека ќе се најде решение за овие 6 илјади луѓе. Сега ние овде дебатираме дека се работи за 7 милиони евра годишно.

Единствено што не се согласувам со почитуваната колешка јаневска е за обезбедување на начинот на средствата затоа што сметам дека Буџетот на Република Македонија има доволно средства. Ако може да се одделат 20 милиони евра, како што беше одобрено односно одделено од овој буџет за набавка на мазут, притоа имавме можеби среќа оваа зима не беше таква, така што најверојатно тие 20 милиони евра останаа неискористени, доколку сеуште постојат, може да се обезбедат и 7 милиони евра годишно за на овие луѓе да им овозможиме, колку толку достоинствен живот и достоинствена старост.

Порди сето до сега искажано пратеничката група на ЛДП ќе даде поддршка на овој акон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и вам.

Три минути реплика за пратеничката Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Прво, сакам да и реплицирам на колешката Роза Топузова Каревска, кога чита стенографски белешки да ги чита така како што се напишани, бидејќи делот за безрезервна поддршка на законот како правичен, од искажувањата на мојата колешка поранешна, Милка Митковска, е точен, меѓутоа никаде во стенографските белешки не пишува дека зборувала во име на ЛДП. Ве молам, читајте ги стенографските белешки така како што се напишани, бидејќи тоа се документи кои може секој да ги види и да ги прочита. Значи таа изнела свој личен став, а не став на пратеничка група. Тоа е прва работа.

Без друго и јас го поддржав законот, бидејќи сметав тогаш и сметам сега дека беше правичен и требаше да се изнајде решение за една категорија на граѓани, од транзициони неправилности итн., не сакам да ги елаборирам причините затоа што сите ги знаеме. Меѓутоа тој закон го изгласа Собранието во април месец минатата година. Тој закон не беше потпишан од претседателот на државата и не доживеа да го види светлото на денот, да има реализација. Претседателот според своите овластувања е задолжен да се грижи, меѓу другото и за уставноста. Затоа треба да потпише указ и да врши еден вид конрола над работата на Собранието, со таквата надлежност. Тогаш претседателот не го потпиша тој закон со образложение дека законот е неуставен, затоа што определува нов начин на пензионирање, надвор од Уставот и надвор од системскиот Закон за пензиско и инвалиско осигурување.

Што се случи и што се промени во меѓувреме во Уставот?

Јас и сега мислам и тврдам дека треба да се изнајде решение за оваа категорија на граѓани. Меѓутоа, дали ова е вистинското решение, дали нема повторно да се судриме. Верувам дека претседателот не го сменил своето мислење по однос на Уставот или поинаку го чита сега Уставот. Јас мислам дека Уставот е ист и минатата година и сега. Дали ваквата формулација на решението е вистинско решение на проблемот, или треба да запреме да најдеме вистинско правично решение, меѓутоа не со издвојување на посебни категории.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеничката Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Само да ја потсетам колешката дека тогаш на координација се договоривме по еден член од пратеничка група да го искаже својот став токму поради тоа што и тогаш имавме протести пред Собранието, се со една единствена цел. Затоа, велам дека тоа беше ставот. Но, покрај стенографски белешки имаме и листинг на гласање. Тука стои дека Ристана Лалчевска гласала за.

Јас сега ќе прашам, што се променило, затоа што таа рече дека смета оти овој закон беше правичен. Дали сега сметате дека не е правичен, дека е неправичен, ако тогаш беше и што се променило точно за година дена, ако Уставот ни е ист, за колешката Лалчевска Ристана и целта тогаш пратеничка група на ЛДП, тогаш не укажа на противуставноста, а сега се повикува на тоа. Да не се криеме, почитувани колеги зад уставноста.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеничката Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Најпрвин да расчистиме едно прашање дека е неспорно, нема пратеник во Собранието на Република Македонија кој не сака да им помогне не само на стечајните работници, туку и на сите невработени, а посебно на оние со над 25 години работен стаж за кои многу потешко е да најдат вработување, отколку за помладите. Токму од тие причини и во претходниот состав на Парламентот,

пратеничката група на ВМРО Народна партија достави предлог на закон, но предлог на закон кој пројави многу дилеми не само кај парламентарното мнозинство, многу добро го памтам денот како се чувствуваа колегите од парламентарното мнозинство но и ние како опозиција. Уште тогаш, морам јасно да кажам пред јавоста, бидејќи тоа го знаат пртставниците на здружението на стечајните работници дека и тогаш им кажав, најлесно од се е да се притисне копчето и да се гласа за едно вакво законско решение за кое јас лично, им кажав и тогаш, не сум убедена ека ќе профункционира и дека ќе предизвика позитивни последици по нив, токму заради тоа што го промовира принципот на нееднаквост и ќе се судриме со Уставот на Република Македонија. Било кој да поведе постапка, овој закон ќе паднеше во вода. Тоа на нив им беше многу јасно. Тоа им беше јасно и на сегашните средби што ги имавме со нив, и тие велеа, добро, овој закон не е добар, но ајде тогаш да зборуваме за паричен надомест. Значи и на нив самите им е јасно дека овој закон го промовира принципот на нееднаквост и дека овој закон може да падне на Уставен суд, бидејќи ќе предизвика огромни тензии во многу целни групи во државата кои ќе бидат засегнати со тоа што ќе биде дадено со над 25 години работен стаж сда може да се оди во пензија. Значи, зборувам дека и тогаш и сега идентичен е мојот став. И тогаш ставот на пратеничката група беше ова законско решение нема да профункционира, но само заради фактот да покажеме дека не сме против грижата за стечајните работници и бидејќи веќе Уставниот суд се имаше произнесено по еден друг закон со кој се бараше пензионирање со над 25 години работен стаж и имаше веќе негативно решение, беа укинати членови од овој закон, на сите пратеници им беше јасно дека овој закон ќе падне на Уставен суд. Тоа беше само израз на волјата на сите пратеници во Собранието на Република Македонија дека треба да им се помогне на стечајните работници, меѓутоа бевме убедени дека тоа не е вистинскиот закон со кој можеме да помогнеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика има збор госпоѓата Роза Топузова Каревска. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:**

Не почитувана колешке Бонева, не, не, не беше така, најмалку сакам со вас да реплицирам. Еве го стенограмот и во името на вашата пратеничка група зборуваше господинот Ефтим Манев кој вели: “Во однос на поднесениот Предлог на закон пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој Предлог од следните...”, набројува натаму што. И вели: “Уставот предвидува дека Република Македонија е социјална држава. Во Уставот на Република Македонија стои дека секој граѓанин има подеднакви права за вработување, но за да го постигнеме сето тоа највисокото законодавно тело, Парламентот, а исто така и Владата треба да ги создадат сите услови за да може секој да се вработи, да има работа”. Понатаму кажува “Неоспорно е дека државата нема доволно пари, но треба да има доволно ум и разум за да може да обезбедиме овие граѓани да бидат...”

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со репликите на излагањето на госпоѓа Лалчевска.

Весна Јаневска, повелете...

(Некои пратеници бараат збор за реплика).

Во тој случај госпоѓата Весна Јаневска има право на говор, бидејќи е предлагач.

**Весна Јаневска:** Да, да, не е реплика.

Нема потреба, само да ве потсетам, во процедура предлагачот може да се јави повеќе пати за збор и јас се јавувам само за збор.

Значи, не беше интенцијата на предлагачот на законот т.е. на ВМРО-Народна партија во Парламентот да се развие дебата за уставноста на Уставот на Република Македонија. Јас не сум правник и не знам дали овој закон е уставен или неуставен и ако сакам да го проверам одкако ќе се изгласа ќе го дадам да видам дали е уставен ли неуставен. Не е интенцијата тоа. Интенцијата беше да зборуваме за стечајците. Интенцијата беше вие кои велите дека има други решенија, кажете ги тие решенија, затоа што овој проблем не е од вчера. Овој проблем трае од 1994/1995 година, тогаш кога се случи масовната трансформација на приватниот капитал, кога тие останаа без работа заради поведени стечајни постапки на фирмите во земјата и тоа најголемите фими во земјата. Масовно останаа луѓето на улица. Полека, полека си го решаваа проблемот и останаа уште волку за решавање. Ова ќе остане трагична небулоза на она што нашите влади го работеле. Како ние сега кога ни требаат се уставна категорија, кога не ни требаат не се уставна категорија. Подвоени се, или не се подвоени. Па, тие се посебна група на луѓе. Тие не се како другите што останаа на работа. Овие што останаа да не работат, затоа што некои останаа да работат, некои добија пензија, некои добија социјална помош, овие не добија ништо. И точно е дека се посебна категорија. А, дали е неуставно не знам. Според мене е неуставно да ги подвоиме и да ги третираме како тие што претходно сме ги третирале. Која е небулозната дискусија за уставноста. Од кога претседатеот на државата е тој што одлучува дефинитивно за уставноста. За тоа одлучува Уставниот суд и Уставот на земјата. Претседателот тогаш не го потпишал, баш ме интересира дали сега ќе го потпише. Мене се ми се чини дека сега би го потпиал ако го изгласаме. Значи, намојте со такви нешта. Дајте со она што навистина е како конструктивен предлог дадено. Конечно, ако имавте подобри решенија и ако имало решенија, а ние од ВМРО-Народна партија не сме ги согледале дајте ги. Можевте да давате амандмани не на законот, можевте да предложите друг закон, можевте мене до овој момент, вчера

да ми кажевте Весна имам подобри решенија, ајде да се договориме да го подобриме законот и милион други решенија имавме...

(Некои пратеници од место дофрлуваат).

И денес, па дури и денес. Еве, јас сум на располагање на сите што сакаат да го подобрат, што се поискусни, поумни од мене нека кажат и јас веднаш ќе поднесам амандман. Но не, не е тоа целта. Единствената цел е некој да собере политички поени таму каде што не е местот. Изборите се дури после три години, изборите се после две ипол или три години и ова во моментот не треба и не смее да биде популизам.

Се додека владите кои им го сторија ова на луѓето не соберат сили да го решат ова што го направија, значи сите овие кои во Парламентот или во власт минатите 16 години, кои се соучесници во ваквото дејство не соберат доблест и да кажат да, ние сме причина за тоа и ние треба да објасниме и на ММФ и на Светската банка, и на нашите луѓе како ова се случи и зошто треба да се поправи ние ќе имаме вакви јалови расправии кои нема да водат кон ништо, туку меѓусебни расправи.

Повелете, јас сум отворена за решение. Да го имавте убедена сум дека ќе го дадевте до сега. Овој закон еднаш е изгласан, од популистички, непопулистички, предизборни или изборни цели некој го дал тогаш својот збор. Точно така полесно е кога си опозиција, потешко е кога си во влада, ама исти сме луѓето и кога сме во опозиција и кога сме во влада. Еден став кој е искажан еднаш доколку драстично не се промени нешто во однос на личноста не би требало да се променува, а Владата и оваа и било која друга е должна да им го реши проблемот. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Догани, потпретседател на Собранието).

**Бесим Догани:** Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Иако веројатно јас најмалку треба да се препознаам во тоа што го говори госпоѓата Весна Јаневска упорно спомнувајќи претходните влади, претходните влади, за волја на вистината во последните 18 месеци додека бев јас на чело на Владата на Република Македонија имавме 17 средби со стечајните работници барајќи подобри решенија. Говорејќи слично сега како што говори министерот Мешков, но во краен случај СДСМ тогаш имаше доблест да им даде право пратениците да гласаат согласно својата волја и пратениците на СДСМ гласаа тогаш контра мислењето што го имаше дадено Владата. Мислам дека тоа денес ќе го направат и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Бидејќи нема барање за контра реплика, има збор пратеникот Оливер Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колеги пратеници, морам на почетокот да го искажам моето задоволство што конечно разговараме на тема која што е од интерес и за Република Македонија и за граѓаните. Многу подраго ќе ми беше ако редовно разговаравме за 12-та седница. Ако тоа го направевме и по неколкуте барања да расправаме во Собранието, а не под притисок на работниците кои што се засегнати со овој проблем, меѓутоа подобро е да се разговара некогаш отколку да се одлага на неодредено време и да не разговараме никогаш во ова Собрание, а само декларативно да искажуваме наши залагања дека сакаме да ги решаваме проблемите во Република Македонија или сакаме да излеземе во пресрет на сите оние категории на кои што им е потребна нашата помош. Зборувам нашата, на Собранието, а пред се остварувањето на декларациите на парламентарното мнозинство.

Мојата дискусија ќе ја поделам во два дела.

Прво сосема накратко ќе говорам за тоа какво мислење има Владата и за односот на Владата кон овие проблеми, а подоцна сакам да разговараме овде за нас, за Собранието, за работата на пратениците и пред се за нашата одговорност која ја земавме пред граѓаните.

Овој закон беше поднесен пред неколку месеци во Собранието на Република Македонија, за кој што добивме мислење од Владата дека не е добро законско решение. Тоа впрочем го докажаа и денес кога дојдоа само да го соопштат нивниот став и ја напуштија оваа седница. Јас им благодарам што не се тука, заради тоа што ако немаат интерес за решавање на одреден проблем подобро да не бидат во Собранието, па самите ние да ја земеме одговорноста и да разговараме до крај за разрешување на овој проблем.

Јас впрочем и не очекував ништо друго од Владата да даде како мислење или поддршка на еден ваков проект. Не очекував заради тоа што седумте месеци од изборите до сега, или околу шест месеци од формирањето на Владата немавме понудено ниту едно решение за оваа категорија на луѓе, па како и да ги нарекуваме, стечајни работници, или не знам со каков друг назив, меѓутоа категорија на луѓе на која што им е потребна исклучителна помош и поддршка пред се заради егзистенција на самите нив и на нивните семејства.

Оваа моја скепса ја кажав уште при формирањето на Владата. Кога се формираше оваа Влада, заради тоа што тоа го видов и од експозето на тогашниот мандатар, сегашен премиер господинот Никола Груевски говорејќи надолго и нашироко за она што мисли да направи за Република Македонија и во каква состојба се наоѓа Република Македонија. Сосема на крајот од неговиот говор кажува за одредени категории на луѓе. Сакам да го цитирам и заради вас и заради јавноста и на тој начин навистина да ни стане јасно зошто мислењето на Владата е негативно.

Впрочем, при крајот на неговото излагање ќе каже “Секако дека нема да ги заборавиме многу групи на граѓани на кои им е потребна поддршка, а кои заради ограниченоста на ова експозе не можам да ги елаборирам, како што се раселените лица, лицата со посебни потреби, бранителите и нивните семејства, притворените во Хаг Јоган Тарчуловски и Љубе Бошковски, земјоделците како најмаргинализирана структура во изминатиот период, пензионерите, децата без родители, лицата кои преживуваат од социјална помош и оние кои ја немаат ниту неа, ниту вработување и многу други категории на граѓани на кои им била потребна поддршка”.

Самото тоа што овие категории на луѓе ја заземаат последната страница од стенограмот во ова експозе укажува на заинтересираноста на премиерот и пред се на Владата за решавање на овој проблем, што го потврдија и со негативното мислење дека на овој начин не може да се реши овој проблем.

Знаеме дека, и неколку пати говорев од тука, иако посакувавме да бидеме вешти манипулатори и граѓаните и стечајните работници тоа нешто го препозанаа, не можевме вечно да ја одолговлекуваме оваа седница, не можевме вечно да одолговлекуваме да не расправаме за ова прашање и многу жешки теми кои што ќе ни дојдат во наредниот период. Од тие причини мислам дека доколку сакаше да најде некој решение имаше доволно време тоа да се случи, меѓутоа навистина сум зачуден, дури и загрижен заради тоа што и при формирањето на Владата констатирав дека влада која што е составена од лево ориентирана и десна политичка структура многу бргу ќе дојде до момент на кризи за поедини прашања. Очекував дека токму ова прашање при расправа на Владата ќе предизвика полемики и дебати помеѓу партиите кои што ја сочинуваат Владата, иако една од партиите, барем на координациите го кажа сопствениот став дека ќе го поддржи овој Предлог на закон. Толку би сакал да кажам во однос на ова мислење за кое што реков дека ниту сум изненаден, ниту вчудоневиден.

Впрочем, ниту јас, ниту членовите на СДСМ, а од ден на ден се повеќе и граѓаните не веруваат дека Владата има намера да се справи со ваквите проблеми. Многу повеќе сакам да говорам за овој предизвик што е пред нас, пред Собранието, Парламентот, пред нас пратениците кои што директно добивме мандат од граѓаните на Република Македонија за решавање на нивните проблеми.

Токму сега во период кога Владата не понуди ништо за решавање на овој проблем имаме закон кој што е предложен од една пратеника група се со цел да изнајдеме решение на оваа категорија на граѓани. Можеме да наоѓаме разни забелешки, можеме да наоѓаме разни причини, меѓутоа малку, барем малку да ни проработи совеста, никако не можеме да не го гласаме овој закон. Никако не можеме да не покажеме политичка волја дека Парламентот сака да се разреши проблемот на стечајните работници.

За мене аргументите дека нема да го потпише претседателот на државата воопшто не е аргумент. Тоа е работа на една институција во Република Македонија што следи после работата во Парламентот.

За мене аргументот дека ќе го укине Уставниот суд, па овде да ги преаудицираме одлуките на Уставниот суд воопшто не е аргумент, туку барање веројатно изговор заради што не треба да гласаме за овој закон.

Мислам дека оваа категорија на луѓе, стечајни работници на кои што сите буквално се повикуваа пред изборите, или ги користеа како целни групи за добивање на поголема поддршка во изборната кампања и повеќе гласови на сопствено конто треба навистина да размислат длабоко дали треба воопшто да се размислува за поддршка на еден ваков предлог.

Имавме доволно време од влегувањето на овој закон во собраниска процедура да преку амандмани се интервенира заради причините заради кои кажуваме дека не е добро ова законско решение, или се коси со одредени одредби, меѓутоа тоа не беше направено, ниту пак сега се изнесуваа некакви посебни аргументи за да навистина имаме алиби да не се донесе овој закон. Овие 6000 луѓе, или пет или седум, не е важно колку се, меѓутоа тоа се луѓе кои што чесно работеле, чесно ја граделе и Република Македонија и нивните претпријатија и не по сопствена вина, туку по вина на државата без разлика во кој период од осамостојувањето до денес останале без работа, луѓе за кои што не беше понудено никакво решение до сега, луѓе кои што не гледаа ништо во сопствената иднина, уште пострашно не гледаат ништо во иднината на сопствените деца. Заради тоа почитувани колеги, пред се вие од парламентарното мнозинство, од ВМРО-ДПМНЕ, од Нова социјалдемократска партија, од ДПА и ние од СДСМ треба денес да изразиме јасна политичка волја дека е дадеме поддршка на вакво законско решение, дека ќе понудиме единствено до сега решение или решение кое што беше изгласано и во претходниот мандатен период и на тој начин ќе покажеме политичка волја дека сакаме конечно да се разреши проблемот на овие стечајни работници.

Навистина и од општината од каде што доаѓам, од Куманово која што важеше за една од најразвиените иднустриски општини, градови престанаа да работат многу фабрики кои што беа дел од економијата на Република Македонија и на поранешна Југославија и тука меѓу овие луѓе кои што денеска ја чекаат одлуката на овој Парламент, исходот од нашето гласање се аоѓаат луѓето и од Кожара Куманово, од ЗИК, луѓе и од многу други претпријатија, ЈУГ Турист и тн. кои што останале без никаква егзистенција.

Токму од тие причини и јас и пратеничката група на СДСМ ќе дадеме поддршка на овој закон. На

тој начин ќе ја изразиме политичката волја за решавање на проблемот на овие луѓе.

Ќе изразиме политичка волја дека сме заинтересирани да си ги одржиме ветувањата и зборот кои што си ги дадовте пред изборите, да останеме луѓе, да работиме силно и чесно и да се движиме напред. За тоа, навистина, е потребна сила. Таа сила сите кажувавме дека ја има во нас и денес очеккувам најмногу таа сила да ја има во парламентарното мнозинство, да најдат храброст и доблест уште еднаш да се потврдиме сите ние како пратеници и како Парламент во нашата независност и да не ни биде единствена причина негативното мислење од Владата, дека не треба да го изгласаме овој закон. Очекувам сите да го поддржиме овој Предлог закон, мислам на сите политички партии кои што дури пред изборите упатија писма и кажаа на каков начин да се решат проблемите на стечајните работници. Пред се, тука мислам на НСДП и на ДОМ кои што упатија писма до стечајните работници и предлагаат начин на нивно решавање. Значи, едното писмо од НСДП, од претседателот е на 30.06.2006 година, што за жал, сега господинот Петковски не е тука. Меѓу другото ќе цитирам само еден дел од него, каде вели “Во законот ќе инсистираме сите тие да добијат пензиски надомест. Велиме надомест, бидејќи поголем дел од нив предвидуваме да бидат повторно вработени до остварувањето на право на вистинска пензија, во висина што ќе ја утврдиме низ разговори, но не помала од 60% од најниската плата, што ја предвидуваме со нашата програма од износ од 8000 илјади денари”. Очекувам дека ќе останат доследни на овие зборови, а исто така и од претседателката на ДОМ, која што укажува во сопственото писмо дека мора да се обезбеди егзистенција, мора да се изнајдат решенија. Решението денес е пред пратениците, решението денес е пред овој Парламент. Уште еднаш ве повикувам сите заедно добро да размислиме, нека се дозволи и нека се направи шанса совеста на сите нас да ни проработи и сите заедно да притиснеме на зеленото копче, со тоа ќе го отвориме зеленото светло во животот на семејствата на овие луѓе и на нив самите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Збор има пратеникот Есад Рахиќ. Повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам заменик претседателе, почитувани колеги пратеници, претставниците од Владата не ги гледам, но и онака немам намера да се обратам на нив, само сакав да кажам дека секоја Влада, претходната па и оваа во вакви моменти носеше такви писма во кои објаснуваше дека заради ММФ или Светска банка ние немаме средства и не можеме поради реформите, стурктурите и слично и го одбиваше барањето на оваа категорија на луѓе. И, не очекував од оваа Влада дека ќе го направи тоа различно, иако знам дека еден поранешен министер во Владата на СДСМ тврдеше дека данокот не можеме да го намалиме заради ММФ и Светска банка, па дури оваа Влада го намали, така што дека и сега ако сметаме дека ММФ и Светска банка смета да се донесе овој закон, претпоставувам ако го донесеме и ММФ и Светска банка ќе го поддржат како дел од реформите што оваа Влада ги прави.

Доаѓајќи овде, бидејќи паркирав не пред Собрание, туку во Градскиот трговски центар, имав прилика да се сретнам со дел од овие луѓе и да направам една паралела помеѓу две групи граѓани, организирани ние како парламентарци и тие како луѓе што протестираат против неправдата која им е нанесена и за која се најмалку виновни. Забележав една работа, сакале или не сакале, па ќе се обидам многу кратко да кажам неколку реченици, за да можеме побрзо да завршиме и тие луѓе побрзо да си одат дома, бидејќи не е едноставно на минус неколку степени надвор, да чекаат ние да се смилуваме и да донесеме одлука таква каква што ќе донесеме, а тие гладни, како што реков, со позајмени пари дојдени тука, да очекуваат дека ние ќе бидеме доволно доблесни. Разликата е во следното, ние сме тука на нормална температура, седиме во фотелјите што тие ни ги обезбедија, не само сега кога гласаа за нас на нашите лажни ветувања, туку и со својот труд кога не школуваа, бидејќи тоа се наши пријатели и роднини, наши татковци и мајки, сестри. Тие работеа за доброто на оваа Македонија, а сега ние ги забораваме. Разлика е следнава. Кога се качував по скали гледам еден колега го отвора пликото, денес плата сме зеле драги колеги пратеници, гледа и се смее задоволно, ја става во левиот џеб да му го грее срцето и душичката. Овие луѓе надвор ништо не ги грее. Прашав зошто со позајмени пари, кои што пари не можат да им ги дадат на своите деца. Ова не е обична демагогија. Јас и минатиот пат, расправајќи во нашата политичка партија за тоа како ќе гласаме, бев за тоа да се даде поддршка на овие луѓе, не дали Владата може, туку Владата мора да најде пари. Ова се дел од нашата историја, дел од нас самите. Овие луѓе, како што реков, во Македонија во оваа транзициона драма, која што трае предолго 16 години, нели ние сме лидери во сите реформи, меѓутоа испаднавме лидери по бројот на невработени, лидери по бројот на несреќни луѓе и сметам дека оваа фарса треба да заврши. Зошто треба да заврши? Од една страна имате стечајни работници и сиромашна популација, а од друга страна имате енормно богати поединци кои што се збогатија на нивни грб, а имате деца кои што возат БМВ, Мерцедес од 100 илјади евра и студираат во Грција, Лондон, Париз и секаде, а има популација и деца кои што немаат пари да отидат со автобус до училиштето во кое учат, а не да студираат во некои скапи универзитети. Затоа, има уште една категорија, јас ја викам дел од политички елити кои свесно или несвесно помогнаа да се создаде оваа состојба. За да вратиме дел од гревовите што сме ги направиле, иако јас можеби повеќе, некои од вас помалку, сметам дека треба да го поддржиме овој закон, кој што можеби не е совршен. Меѓутоа, треба да им се даде шанса на

овие луѓе да бидат дел на друга поинаква европска среќна Македонија. Мислам дека е хипокризија, затоа што оние кои минатиот пат го поддржаа и најмногу со чесни исклучоци зборувам за опозицијата што го поддржаа овој закон, сега не ги гледам. Тогаш ги гледав меѓу работниците и сега мислам дека е време, она што го рече и мојот колега Спасовски, колешката Јаневска и сите останати, да им се врати дел од она што им го земавме на овие луѓе и дел од дигнитетот. Знаете, многу е тешко како родител, како сопруг или како обичен човек некој да ви побара 100, 50 или 20 денари, а вие да немате да му дадете на своето дете, иако целиот живот чесно сте работеле.

И уште една работа, она што рековме, не би сакал да се вадиме зад Уставниот суд или позади претседателот, ние тогаш 68 пратеници гласавме едногласно. Сметам дека и Претседателот на државата, кој тогаш не го потпиша указот евалуирал. Гледам, во неговите ставови околу Косово, па сметам дека и сега евалуирал и веројатно ќе го поддржи овој Предлог закон со Указ, кој што ние верувам дека денес ќе го изгласаме.

Затоа, апелирам до мнозинството, до сите вас кои сте школувани со парите од дел од ова што го сработиле овие несреќници надвор не по своја вина, кои седите заедно со мене овде удобно и топло и ни ги грејат срцата и душата пликоата со плата, денес да го дадеме гласот за. А, да го оставиме Уставниот суд и Претседателот да одлучат. Јас сум сигурен дека Уставниот суд и претседателот ќе работат во нивна полза. Само да ве потсетам, Уставот и законите, позитивните законски прописи ги кршевме кога носевме одлука да им се плаќа надомест на министрите од Владата на Груевски. Тука ја скршивме еднаквоста на министрите. Да ве потсетам дека за одредени структури во АРМ кога во интерес на државата гласавме за одредени официри, го кршевме Уставот и законот. Дајте и овој пат за доброто на овие граѓани, за доброто на оваа држава, за доброто на наша Македонија да го поддржиме овој Предлог закон. Јас ќе гласам, како што рече и господинот Спасовски, како член на СДСМ, на пратеничката група, за овој Предлог закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Збор има пратеникот Николов Марјанчо. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата по овој закон. Јас доаѓам од Велес, каде што има 1500 стечајни работници, што значи некаде околу 25% или 1/4 од вкупниот број стечајни работници во Република Македонија, чии што судбини треба да бидат решени со овој закон. Велес беше индустриски град, меѓутоа со пропаѓањето на големите претпријатија Лозар, Нокатекст, Порцеланка, многу работници останаа на улица, без егзистенција, без средства, едноставно поради одење на фирмите во стечај тие сега не знаат што да прават самите со себе. Покрај нивната лична егзистенција, доведени се во прашање нивната иднина на нивните семејства и на нивните деца. Покрај тоа што се овие работници жртви на транзицијата, јас би рекол дека се и жртви на политиката. За време на предизборната кампања бевме сведоци или до нас допираа информации дека многу од партиите кои што сега се во владеачкото мнозинство, имаа контакти со оваа група на граѓани и притоа некои од нив им дадоа писмени изјави, во кои ветуваа дека ќе го решат нивниот проблем, а други на тајни средби, терајќи ги да протестираат против тогаш владеачката гарнитура им ветуваа дека кога тие ќе дојдат на власт под итно или во брза постапка ќе го решат нивниот проблем онака како што тие сега очекуваат да биде решен. Значи, не со дополнителни мерки во смисла да си бараат самите вработување, да добиваат одреден надомест за бизниси сами да основаат, туку едноставно онака како што предлагачор во законот сега предлага.

Затоа, мислам дека овие луѓе се класични жртви на политиката или на политичките манипулации и сега ми текнува народната поговорка, кој си игра со огин, од огин и ќе се изгори. Жал ми е што партиите од владеачкото мнозинство брзо заборават што ветувале претходно. Поминаа само 6 месеци од парламентарните избори, 4 или 5 месеци од Новата Влада.

Околу прашањето дали законот е уставно издржан, дали ќе ни прифати ваков закон да донесеме ММФ или Светската банка, мислам дека тие аргументи се тие кои не држат. Наше е законот да ги изгласаме, како што беше кажано, има други институции кои што треба да се грижат околу уставноста или околу исправноста на овој закон. Потребните средства кои што треба да се обезбедат за реализација на овој закон, доколку има една бројка од 5000 илјади или 5500 стечајни работници под услов да примаат месечен надомест од 909 евра, значи вкупно годишно се потребни околу 5 милиони и 900 илјади евра пари кои што за Република Македонија мислам дека не претставуваат никаков проблем и Владата не дека не може, туку мислам дека не сака да ги обезбеди во Буџетот, како би можеле овие работници да си ги решат своите проблеми. Ако Владата само скрати дел од своите трошоци за реклама, гледаме дека секој ден во весниците излегуваат некакви огласи или реклами, ако скрати или обзнани колку пари трошиме за финансирање на имотите на министрите во странство, колку троши Владата за репрезентација, за мебел, за опрема, за нови возила, ќе видиме дека овие средства се минормни или многу мали, а се постигнуваат големи ефекти во однос на прашањето што треба да се реши.

Затоа, во интерес на времето, а и во интерес на луѓето кои чекаат надвор, јас нема да должам многу, туку ги повикувам сите пратеници, иако не

сум предлагач да го изгласаме овој закон и да се симне едно големо прашање од дневниот ред во Република Македонија, прашање кои ќе значи решавање на 5500 судбини на граѓани, кои не по своја вина, иако 25 години одвојувале парични средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, сега не можат ниту да си купат парче леб и да обезбедат егзистенција за своите семејства.

Затоа, ве замолувам сите вие колеги да го притисмене копчето со за и да го изгласаме овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Процедурално, господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, дебатираме согласно Деловникот. Мојата интервенција е да кажам дека надвор има сериозен инцидент, има судир меѓу полицијата и стечајните работници. Значи, во овој момент не ни треба министерот за финансии и министерот за труд и социјална политика, министерот за внатрешни работи треба да се појави и да апелирам до колегите пратеници, ние да не влеземе во некоја бескрајна расправа, туку во духот на конструктивноста, ги искажавме ставовите пратеничките групи, па доколку можеме да останеме на ставовите на пратеничките групи и да преминеме на гласање. Би апелирал да нема пауза помеѓу 14,00 и 15,00 часот, затоа што надвор навистина ситуацијата е проблематична. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Се надевам дека пратениците ќе го прифатат овој ваш апел, за да не дискутираат бескрајно, поради сериозноста на ситуацијата и јас би ве замолил истото. Да продолжиме со работа без пауза за ручек и до 15,00 часот да го донесеме или да го одбиеме овој заклучок.

Збор има пратеникот Божиновска Валентина. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Ви благодарам потпретседателе,

Ќе бидам многу кратка. После оваа најава, навистина сум резигнирана и по малку вознемирена. Ќе се надоврзам на претходната моја дискусија. Апсолутно не ја прифаќам уставната категорија за аргумент од страна на владеачкото мнозинство дека е причина поради која не можеме да го донесеме законот. Веќе од господинот Марјанчо имаме конструктивна дискусија. Имаме таков предлог, имаме ваков предлог и доволно е координаторите да седнат и да се договорат. Но, се плашам од еден популистички метод на кој целава работа ми мириса, а тоа е следно. Знам, значи лично знам дека премиерот Груевски за неколку месеци сака да го реши овој проблем. Ако и некни го убедувавме Европскиот мешовит комитет, ако ја убедуваме јавноста дека бизнис климата е подобрена, дека инвестиционата политика е на поголемо ниво, ако се однесуваме кон корупцијата така како што се однесува Владата, зошто тогаш овие немилосрдни настани кои ни се случуваат во моментот да ги одложуваме за два или три месеци бидејќи владеачкото мнозинство сака да го реши. Имаме абер од премиерот дека има, на кој модус. Дали тоа значи со ново законско решение, дали тоа значи со рекомпонирање на буџетските средства, дали тоа значи дека во тој миг ќе дојдат нови банки, дека ќе имаме нова инвестициона политика и ќе најдеме пари. Значи, се работи за популистичка шема од страна на владеачкото мнозинство во овој миг, иако не сакам и не сакам да верувам дека е така. Меѓутоа, во едно не можете да ме убедите дека во овој миг 5400 не, го немаат стварното право, туку го имаат облигационото право на пензија. Е, тоа е аргумент плус за кој ако работодавецот кој ги истерал ненавремено не им дал пари, не можат да се вработат, тогаш облигационото право е на државата како од имотот кој дефакто бил нивни да им се даде. Значи, поранешната гарнитура, претходниот состав како и да работеше на тоа ниво против аргументот на тогашниот министер за финансии и се изгласа овој закон. Ги поканувам пратениците особено госпоѓа Лалчевска за која да не го носи грбот на Третата изборна единица, Источна Македонија, која во најголем број според Заводот за статистика, јас исто сум во Третата изборна единица, ние ветивме во нашата изборна програма дека овој закон ќе го поднесеме. Тоа не е популизам, ние не победивме, ние изгубивме на овие избори. Далеку се изборите. Но, простете госпoда од ДПМНЕ два пати некој изборен мандат да добива и да станува пратеник од Изборна единица 5 и сега да кажува дека тоа е нееднаквост, тоа е срамно. Но, затоа пак ја прифаќам дискусијата на госпоѓа Лилјана Поповска од ДОМ, ќе ја прифатам и сега, но ќе ја прифаќам и тогаш, кога многу недвосмислено и многу точно говорела за Европската социјална повелба дека Македонија мора да обезбеди егзистенција за секого. Наместо да ги покачува платите на секој просек, а некои други категории да им се укинува надоместот за егзистенција, во овој случај, пензијата. Тоа е веќе конструктивна дискусија.

Значи, без развој на бизнисот, ќе каже госпоѓа Лилјана Поповска, без можност за создавање услови за отворање нови работни места, без можности за постоечки бизниси ние нема каде да имаме да ги апсорбираме сите социјални случаи и сите луѓе кои се останати на улица и сите оние кои во иднина ќе станат работно неспособни и т.н.

Ова е дискусија за која што сега апсолутно стојам, и тогаш. Што, ќе каже госпоѓа Лилјана Поповска, да им речеме - луѓе, нема сега вработување, нема пари, снајдете се, чекајте додека ние го развиваме бизнисот? Така е госпоѓо Лилјана. Што сега јас да кажам.

Ајде сега Валентина Божиновска и Јаневска да не добијат популизам, да не добијат рејтинг на партијата, ќе го чекаме премиерот Груевски за два

месеци, со различен механизам ќе го донесе истиот закон. На тоа ли луѓето на улица сега им велиме живот или смрт? Фер ли е да се однесуваме кон младата популација, на нивните деца.

Значи, овие дискусии, тогаш, вака кажани и сега се апсолутно точни. Само, во различен состав и во различно време. Да не станат безвременски. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Реплика на вашиот говор има пратеникот Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе ги искористам, колешке, вашите зборови.

Јас сум вџашена од тоа што мене ме повикувате зошто сум втор мандат и дека не го носам багажот или товарот, како вие велите, на Изборната единица 3, го носите вие, јас во Изборната единица 5 немам стечајци.

Ви се молам, стечајци и невработени, технолошки вишок има на целата територија на Република Македонија. Јас, колешке, не можам да бидат неодговорен пратеник, бидејки еднаш поддржав ист ваков закон. Меѓутоа, институциите што се грижат за уставноста и поредокот на државата ме опоменаа со ова писмо што го имам овде. Факт, Владата, минатата Влада, што тука седат и господинот Бучковски и госпоѓица Шекеринска и господинот Герамитчиоски кои беа во таа Влада ни пушти писмо, негативно мислење за ист таков закон. Ние, на противење на Владата, како парламентарци, ќе речам тогаш можеби неодговорни, под притисок или од желба да изнајдеме решение го изгласавме законот. Претседателот ни врати писмо - заради сериозните последици што можат да настанат со неговата примена, а со цел да се зачува уставноста, реформите, одржливоста на пензискиот систем, не го потпиша и тој закон не го виде светлото на денот, јас навистина не сакам сега да бидам неодговорна и да гласам некој да добие пензија до изгласување на овој закон, а утре моите сограѓани од ОТЕКС кои утре наскоро ќе бидат стечајци да не можат по ист основ да добијат исто право. Тоа е неодговорно однесување.

Јас сакам решение еднакво за сите.

(Пратеникот Божиновска дофрлува од место - Направете го).

Јас сакам еднакво решение за сите. А не вие, предлагате, до изгласување на законот, тие кои биле од 2003 стечајци. Што ќе биде со оние од ОТЕКС кои утре ќе бидат стечајци? Како нив ќе ги решиме? Дали е тоа праведно, дали е тоа правично колешке? Дајте заедно да изнајдеме праведно и правично решение. Тогаш ќе подржиме такво решение. И, верувајте дека сами рековте, Владата се труди да изнајде решение, дајте, да ја подржиме да изнајде решение. Меѓутоа, не под ваков притисок.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика има пратеникот Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Не, очигледно вие нема веќе спокојно да шетате низ шеталиштето во Охрид.

Ова е чиста демагогија. Ако имате одредено решение, министерот за труд исоцијална политика е од вашите редови. Сега сте власт. Тогашното писмо од премиерот и од министерот за финансии не ви беше значајно, а сега, наеднаш сте загрижени.

Ајде да се осврнеме на етичкиот проблем. Ќе ги решите со нов закон и стечајците од ОТЕКС-Охрид. Вие ќе го поднесете, ние пак ќе гласаме за. Така?!

Ама не, сега креирате кадровска политика. Во тоа е разликата. Сега креирате политика над политиките. Уште и сте во дослух, госпоѓа Ристана Лалчевска е дослухот на парламентарното мнозинство и Владата, ви се молам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Збор има пратеникот Мустафа Неждет, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван потпретседателе,

И покрај алармантната ситуација, како што не извести нашиот координатор, за сосема кратко време од сосема две минути, бидејки припаѓам на целната група на невработените и на сиромашните, тоа е мојата Ромска заедница, а секако и надвор луѓето кои се невработени и западнаа во сиромаштија, не е време сега почитувани колеги да користиме популизам. Време е да ја прифатиме објективната состојба на граѓаните за кои сме ние одговорни, за нивната судбина.

Тоа е времето што оваа наша држава го има претрпено како транзиција и како продукт на сето тоа. Одговорноста е наша денеска, без никаква, ама апсолутно никаква дилема да притискаме за помош на нашите граѓани.

Во интерес на тоа, навистина би сакал, дури и се чудам на самиот себе, дека како припадник на таквата целна група требаше да бидам меѓу првите редови со тие невработени, сметам дека лично уште повеќе ќе ги охрабрев, а и вас тука без дилеми да одиме да им се помогне на нашите граѓани.

Со сета почит кон вас и кон граѓаните кои се надвор, ја давам целосно мојата подршка и сега и во иднина. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Неждет Мустафа.

Следен говорник е пратеникот Митановски Веле, повелете.

**Веле Митановски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Ние денеска, во формално-правна смисла го имаме на дневен ред шредлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на

Законот за пензиско инвалидско осигурување, со Предлог на закон, поднесен од група пратеници. Неговата суштина е да се стекнат со право на пензија лица со наполнети 25 години работен стаж, без оглед на годините на живот, што, за волја на вистината не е или не беше суштинско барање на стечајците, барем до моментот кога имавме средба со нив.

Значи, длабоко под оваа форма лежи суштината, а таа е на една категорија лица, граѓани на оваа земја да им се реши статусот или да им се вратат одземените рпава, вклучително и правото на материјален надоместок, што во изворна форма на нивното барање значи месечен надоместок од 5 илјади денари. Тоа е или беше нивното барање.

Вендаш сакав да се определам, јас застанувам зад суштинската потреба - разрешување на нивниот статус. Значи, во однос на предлогот, остава формата да биде од второстепено значење, заеднички да ја изнајдеме како модус или модел, што е возможен од формално-правна смисла  или аспект.

Ако е тоа цитираниот предлог на групата пратеници, нека биде и таа форма. Меѓутоа, ако не е, како што вели  Матичната комисија цитирам “Нема основа и потреба за негово донесување”, како што вели министерот и дел од дискутантите, тогаш нека биде и некое ново законско решение. Тоа значи решение мора да има и да го изгласа овој парламентарен дом.

Зошто почитувани колеги? Затоа што, токму во овој Дом, токму во оваа сала од наши колеги, со знаење или не, со сакање или не, сеедно, настанат е проблемот за оваа категорија граѓани. Ние од тој факт не можеме да избегаме. Меѓу нас има пратеници, за волја на вистината, од тој состав од 1993 година и мислам дури дека е добро токму од нив да дојде најсилната подршка во прилог на праведно и правно издржано решение.

Имено, сеедно дали во правниот промет постои категорија стечајни работници или не, сеедно дали меѓународната терминологија познава такво нешто или не, оваа категорија настанала врз основа на конкретен закон, тоа е Законот за стечај и е продукт на една конкретна состојба или процес, како што е нашата несреќна транзиција, односно приватизацијата, овозможена со конкретен закон, изгласан од конкретни луѓе, на конкретно место, а тоа е овој простор, овој законодавен дом.

Почитувани,

Минатата седмица, јас во името на пратеничката група на НСДП бев на заедничката средба на сите пратенички групи состечајците кога произлезе заклучокот за одржување на денешнава седница. Тогаш на стечајците им реков дека нивната положба, нивната судбина, како сакате ја предизвикала оваа држава и таа треба да го најде решението. Тогаш кажав, па сега ќе повторам, дека пратеничката група на НСДП ќе застане зад потребата од разрешување на нивниот проблем или статус. Дозволете да појаснам зошто:

Како што веќе спомнав, во основата на пробелмот е неправедната и нехумана приватизација. Не верувам дека, како потреба, особено како модел таа била желба или таква каква што е направена, била желба на работниците, односно вработените, па не ниту на онаа категорија што денеска ја дефинираме како стечајци.

Кој нив ги праша за моделот? Кој ги остави “ниту на небо ниту на земја”? За вработување стари, за пензионирање малди. Тие бараат работа како жртви на транзицијата. Тие 25 години создавале добра за оваа држава, ги полнеле фондовите.

Ајде сега или да ги вработиме или пак да им го вратиме тоа што сме им го одзеле, а го издвојувале за државата. Тие не се последица на своето неработење, тукус е жртва на еден модел што го пропишала оваа држава. Имено, државата е таа што ги продаваше нивните претпријатија. Во тие моменти и години државата мислела за тоа како да ги собере парите а не за нивната судбина. Тоа е грев на оваа држава. Државата сега е таа што треба д аисправи една сопствена грешка или заблуда, сеедно што.

Ќе презентирам само еден пример, иако не претендирам да го познавам стопостотно точно, како  колегите од Штип.

Имено, најмногу стечајци има од Штип. Некогашниот “македонскиот Манчестер”. Дека, тогашниот гигант “Македонка” е раскрчмен по багателни цени. Само од Ткајачницата со 1200 разбои, за смешни 250 илјади марки. Најверојатно машините да ги продадеа, велат дека имало 1200 разбои, за старо железо, ќе добиеле повеќе.

Но, почитувани колеги,

Цврста и подолготрајна основа за криминализација на општеството се создаде со донесување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал од 1993 година. Овој неуставен и дискриминаторски пропис доведе до неприродна и неправична распределба на општествениот капитал со лишување на огромен број на граѓани, некои велат околу еден милион, од правото на сопственичкиот дле од општествение тимот.

Огромен дел од општествениот капитал, со приграбување, премина во рацете на значително мал број луѓе, олицетворени претежно во раководните структури на приватизираните претпријатија или директорите, што доведе до осиромашување и без работица кај огромното мнозинство на населението.

Од друга страна, големата концентрација на капиталот, збогатувањето на мала група, произведе соодветна странична моќ врз институциите на системот.

И сега, прашањето: Кој го изгласа и потпиша тој Закон, господа и дали некому му одговараше, со долгата приватизација, да ги покрие своите недела?! Ако пак сме подзаборавиле дека државата, токму преку овој законодавен дом ја

предизвика голготата на иљадници стечајци и лица со статус на технолошки вишок, тие повторно ќе дојдат овде како што се и денеска да не потсетат. Оваа држава ја произведе неправдата кон нив токму преку овој Дом и истата држава треба, барем, да собере сили и доблест да се извини за нерпавдата, ако веќе не може да ги надополни штетите.

Значи, ако барем малку сакаме да бидеме доблесни, треба да кажеме дека неправдата, штетата, големото национално зло го направија лица со конкретни имиња и презимиња. Тешко ли е да се утврди со чиј потпис и со чиј укас стапи на сила тој Закон? Ако се суди според позицијата, образованието, професијата и неколку деценискoто политичко искуство во социјалистичкиот систем, тоа не беа луѓе без знаење. Особено не без познавање на тогашната општествена сопственост. Тие луѓе мораа најдобро да ја препознаат правната суштина, да ја познаваат суштината на општествената сопственост и барем со својот потпис да го условат донесувањето на тој закон со прифаќање на инструменти што ќе гарантираат погоелма правичност.

Зошто тоа не го направија и дали, на пример, не им беше познат од порано предложениот ваучерски концепт? Или пак, зошто оние кои се залагаа за ваучерски систем останаа во малцинство? Оние земји што тгнаа по тој пат веќе се во предворјето или пак се дел од заедничкиот европски дом. Ако е така, тогаш чии интереси штителе ? Заедничките и народните, секако не.

Дури и за далеку помало зло, без вакви трајни и несогледливи последици по нашата заедничка иднина би следувала и кривична одговорност за злоупотреба на службената потреба и овластувања, до колку претходно не се заштитеа со уставен имунитет и моќ, не ретко поставувајќи се над законот!

И, што се случуваше кај нас? Наместо одговорнсот, поединци се наградувани со повторно и повторно избирање на исти или други јавни функции, уживаа посебни привилегии или ќе ги уживаат некои и до крајот на својот животот.

Во изминативе 13 години, почитувани колеги, од донесувањето на Законот за трансформација на претпријатиајта со општествен капитал се донесоа во повеќе закони за изменување и дополнување на тој Закон. Но, зошто никој, ама баш никој не се сети барем да поднесе предлог-закон за исправање на сторената грешла? А, имаа можност тоа да го сторат, како што половина век од извршената национализација донесоа Закон за денационализација што секако е за поздравување. Зашто на тој начин се исправи една историска неправда. Но, да бидеме сигурни, не помала од онаа што ни се случува од 1993 година наваму. Имаа можност. Им беше и должност. Но, тоа не го направија.

Затоа, почитувани колеги, ќе завршам, свесен за сите проблеми, пред кои објективно ќе ја соочиме Владата на домашен и меѓународен план, останувам на ставот дека проблемот на стечајците треба да биде разрешен на местото каде е и создаден, во овој законодавен Дом. Од тоа ние не можеме д апобегнеме.

Но, што и да усвоиме, треба да биде нешто ново, цврсто и не како до сега "тргни-застани". Демек, ќе кренеме два прста, ама знаеме дека ќе стигнеме само до Претседателот на државата или до Уставниот суд.

Ова го говорам поради фактот што ние денеска сме исправени пред "втор поправен", ако го имаме во предвид законското решение на минатиот парламентарен состав. Мислам дека ќе немаме можност за "трет поправен", особено не ако се поиграме со чувствата на стечајните работници. Тие ајсно ни порачаа дека е "дојдено до коската" и нема каде понатаму.

Ќе ми биде мило ако и малку придонесов во насока на разрешување на нивниот статус, мислам на стечајците, како прв чекор во една подолгорочна стратегија за санирање на штетните последици од криминалната приватизација. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митановски.

Реплика на вашиот говор има пратеникот Топузова Кревска-Роза, повелете.

**Роза Типузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Почитуваниот колега одржа еден говор со што го опфати период од изминатите шеснаесетина години, меѓу другото ги повикуваше и пратениците од 1993 година па наваму за одредени закони. Мислам дека тие прашања можеше да ги упати на нивниот лидер господинот Тито Петковски. Колку што јас се сеќавам, најверојатно и тој гласал за тие закони.

Но, мојата реплика повеќе се состои во прашање, бидејќи јас не го разбрав затоа Што кажуваше дека треба да се изнајде решение, да им се помогне на стечајните работници, за разлика од сега кога бевме на средбата која се одржа со стечајните работници во Парламентот, тој беше дециден и кажа, да ќе гласам. Значи пред нив кажа дека НСДП ќе гласа за овој закон. Дали сега тој останува на тој став, или го променил, бидејќи тој рече дека тоа не е соодветното решение.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика пратеника Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Јас добро се сеќавам што сум кажал. Тоа што го соопштува колешката не е изворната форма на тоа што сум го кажал. После тоа дававме изјава и јас и она. Таа изјава постои во медиумите. Јас точно кажав дека ќе го поддржиме решението на проблемот, значи на статусот, сеедно дали тоа ќе биде, колешке вие бевте тука кога јас тоа го кажав, текстот на законскиот проект што е предложен, или тоа ќе биде амандман, нешто се заговараше самите стечајци да предложат итн. Значи како пратеничка група остануваме на ставот дека ќе се залагаме за решение, трајно правично и правно издржано

решение на статусот. А за тоа гласал Петковски, не можам да ви кажам, не сум бил во тој Парламент. Колку што јас знам, мислам дека не го гласал тоа решение.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има пратеничката Верица Филиповска.

**Верица Филипова:** Поради случувањата пред Парламентот, поради штрајкот и протестот на стечајните работници што од момент во момент се радикализира поради судирите со полицијата што е таму, во мојата дискусија ќе се обидам да бидам многу кратка.

Доаѓам од Штип, од градот на стечајните работници, од градот каде последниве години се радикализираат активностите на групата стечајни работници. Сведоци бевме на секојдневни протести од нивна страна, блокирање на општината, неможност за работење, демонстрации на нивната трагична судбина по штипските улици.

Секојдневно се среќавам со луѓе, припадници на оваа група. Тие се мои комшии, тие се мои роднини, тие се мои пријатели. Секојдневно на локалните телевизии, од време на време кога случајот по нивната судбина слушаме за судбините во нивните семејства, слушаме за трагичните случувања, за начинот на кој тие живеат. Што уште треба да се случи за парламентарното мнозинство да ја свати судбината на овој дел, од македонските граѓани. Дали треба да паден жртва пред Парламентот па да гласаат за.

Сведоци сме на случувањата пред само пет-шест месеци, за времето на парламентарните избори кога токму луѓето кои седат лево од мене беа главните агитатори и главните поттикнувачи на нивното незадоволство, луѓето кои ветуваа дека само за два три месеци одкако ќе дојдат на власт, ќе се донесе законот со кој ќе се реши судбината на стечајците.

Штипските колективи, Македонска, Астибо, Црвена Ѕвезда отидоа во стечај во декември 2000-та година, отидоа во стечај кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власт во Република Македонија. Овие комбинати беа ликвидирани во декември 2001 година. Редица луѓе останаа на улица и деновиве нивната бројка изнесува околу 500 до 800 луѓе, зависно од критериумот по кој ќе се класифицираат.

На крајот, би сакала да завршам со тоа дека за пет до шест илјади луѓе во Македонија за кои ние овде разговараме, седејќи во овие удобни фотељи, а кои штрајкуваат надвор пред Парламентот, не пие вода тоа дека во Буџетот нема средства за исплата на пет до шест милиони евра за нивниот надоместок. Изласавме 20.000.000 евра поклон на МЕПСО, поклон на најбогата фирма во Македонија годининаназад, пари кои веќе поради минатата валута и минатиот рок се вратени на жиро сметката на МЕПСО, со напралта на сметките на струја. Дел од тие 20.000.000 евра или пет до шест милиони евра потребни за стечајците, дајте ги од жиро сметката на МЕПСО, почитуван господин министер, дајте ги на стечајците, за да не се враќаат вечерва во своите домови во темница затоа што струјата им е исклучена, да можат да купат храна и основни продукти за децата.

Двојниот морал на пратениците кои ги прибираат навечер и им ветуваат на стечајците дека ќе го поддржат овој закон, а овде не се јавуваат за дискусија, гледам има реплика мојата сограѓанка во ВМРО-ДПМНЕ, тоа и го очекував. Значи двојниот морал со кој ветуваат дека ќе го поддржат овој закон, очекувам тоа и да го кажат денес, дали ќе гласаат за или ќе гласаат против предложеното законско решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Филипова.

За реплика се јавува госпоѓа Надица Танчева-Тулиева.

**Надица Танчева-Тулиева:** Мојата почитувана колешка Верица Филипова во нејзината дискусија кажа дека последните години се радикализирале протестите на стечајните работници и таа веќе ги гледала. Со самото тоа кажува дека проблемот на стечајните работници не е од сега, од овие неколку месеци, туку нејзините почитувани колеги кои беа на власт во Република Македонија ја направија токму ваквата тешка состојба во која се наоѓа Република Македонија и ги произведоа стечајните работници.

Гледам колку госпоѓата Филипова рони крокодилски солзи неколку седници наназад и многу е загрижена за стечајните работници. Меѓутоа, ќе ја прашам зошто како директорка на ЕСМ најпрвин нејзините екипи за исклучување на струјата ги праќаше токму кај стечајните работници, а сега овде се прикажува во едно сосема поинакво светло. Не е добро, почитувана колешке овде да настапувате популистички и да сѐ здобивате со политички поени, бидејќи вас стечајците во Штип многу добро ве знаат. И ние сме луѓе од дрв и месо и многу добро ги знаеме проблемите на стечајните работници и нашата Влада, верувајте, веќе има понудено прогрмаи со кои ќе се решаваат проблемите на невработеност, вклучувајќи ги овде и стечајните работници кои ќе имаат и приоритет при вработувањето.

На крајот сакам само да ве прашам. Кажувате дека биле ваши комшии, роднини и пријатели. Зошто вие, почитувана колешке кога пред еден месец со господинот Ванчо Коцев се собравме со над 100 стечајни работници, немавте храброст да се појавите пред нив? Затоа што не смеевте.

**Бесим Догани:** Благодарам

Една минута контра реплика за пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Јас со стечајните работници се среќавам секојдневно, не само на таа средба на која им беше ветувано едно, а постапено на друг начин.

Второ, исклучувањето на струјата на стечајните работници, додека бев директор на Дистрибуција Штип, не е точно дека сме ја исклучувале струјата. Струјата ја исклучувавме кај вас затоа што не плаќавте, госпоѓа Тулиева, како што не ги плаќавте и останатите давачки за вода и други комунални трошоци и покрај тоа што бевте советник во општината Штип, а сега сте пратеник во Собранието на Република Македонија, а стечајците по нивни список не беа исклучувани. Имаа бенифиции.

Всушност, пратеничкиот состав на СДСМ минатиот мандат го изгласа законот за стечајците и покрај тоа што препораката од Владата беше да не се гласа. Очекувам дека слично и вие сега ќе постапите, дека нема да ја послушате вашата Влада и препораките од министерот односно ќе го излгасате законот за стечајците.

**Бесим Догани:** Процедурално за збор се јавува Надица Танчева-Турлиева.

**Надица Танчева-Турлиева:** Мене ми е многу жал што колешката се наоѓа овде во пратеничките клупи, а нивниот ситл на работа, стилот на СДСМ е да се служат со лаги и клевети. Да не беше тука во пратеничките клупи, ќе ве тужев за клевета. Значи среќна е колешката што е овде во пратеничките клупи, инаку ќе добиеше тужба за клевета.

**Бесим Догани:** Благодарам,

За збор се јавува госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Јас очекував, при толку правници во овој Парламент, ова парашање да го загатнат и од правна гледна точка. Сепак досега тоа не се случи.

Многу емотивни настапи имаше во врска со тоа во каква положба се наоѓаат луѓето кои останале без работа, како последица на отварање на стечајни постапки што во изминативе години беа бројни заради транзицијата која ја имавме каква што ја имавме. Тоа е неспорно. Сега сакаме да најдеме начин да им помогнеме на тие луѓе да го решат својот проблем заради тоа што дел од нив сеуште останале невработени.

Се поставува прашање дали ние како законодавен дом ќе донесуваме закони по правичност, или во согласност со Уставот и со останатите закони.

Јас ќе прочитам, за да се потсетиме што пишува во Уставот.

Во член 9 од Уставот пишува: “Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба”.

Во член 51 е пропишано: “Во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со Законот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите. Ова секој, дали не се однесува на Собранието на Република Македонија кое токму ги носи законите. Ова секој дали не се однесува на сите нас.

Законодавно-правната комисија во својата надлежност го има токму тоа, да оценува дали предложените законски проекти се во согласност со Уставот и останатите закони.

Законодавно-правната комисија расправаше по ова прашање и утврди дека предложениот закон е во спротивност со Уставот на Република Македонија. Токму во спротивност со член 9 каде вели-граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Што сакам со ова да кажам:

Ние овде немаме посебна категорија на луѓе. Ние издвојуваме дел од невработените. Стечајни работници немаме. Со внесување на решение за отварање на стечајна постапка, на работниците во претпријатијата каде се отвара стечајна постапка, им престанува работниот однос. Значи тие стануваат невработени.

Во Република Македонија по различни основи имаме невработени лица, како последица на стечајна постапка, како последица на технолошки вишок, како последица на незаконски откази, како последица на тоа што стопанството ни е такво какво што е и многу лица воопшто не почнале да работат иако се работно способни.

На кој начин да им се реши проблемот?

Ако ние пристапиме на ваков начин, парцијално да издвојуваме дел од невработените и да им го решаваме проблемот со тоа што ќе предложиме против уставен закон кој претседателот нема да го потпише, а повторно ние го изгласаме, што нема да помине пред Уставниот суд, дали е тоа подигрување со чувствата на работниците за кои се трудиме да изнајдеме решение и да им помогнеме.

Вие се еќавате дека од страна на минатата Влада не беше прифатено вакво решение, сепак овој законодавен дом го изгласа. Меѓутоа претседателот на Република Македонија не го потпиша и така тоа остана

Се сеќавате дека беше донесен и Законот за пратеници во кој меѓу другото пратениците за себе си изгласаа да бидат пензионирани под поинакви услови од останатите граѓани.

Во образложението на одлуката на Уставниот суд со која се укинуваат тие членови од Законот што им дава предност на пратениците во однос на условите на пензионирање, ги укина со образложение дека не може на посебна категорија на граѓани да им биде третирано прашањето за стекнување услови за пензија под посебни услови, ви за ви останатите граѓани.

Ова прашање е разрешливо единствено со Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Таму се пропишани условите под кои граѓаните во Република Македонија стекнуваат услови за пензија, со исклучоци на категории кои таму се пропишани а не се опфатени овој вид на работници.

При сите извештаи кои беа дадени за тоа колку стечајни работници има, каква им е положбата, со кои проблеми се судираат, тоа е познато на сите . Сите сакаме тоа прашање да се разреши на соодветен начин. Меѓутоа, се поставува прашање дали е ова начинот на решавање на проблемите. Ако сме ние правна држава, ако сакаме да плелираме на тоа, ги повикувам колегите пратеници од СДСМ, кооИ се правници, да дебатираме на оваа тема, дали ова законско решение е во согласност со Уставот, имајќи предвид дека по тоа веќе се произнел и претседателот на државата и Уставниот суд и дали ние можеме да си подигруваме со чувствата на луѓето за ние сега да го изгласаме, а после да кажеме ние од наша страна направивме што можевме , меѓутоа, еве претседателот на Републиката или Уставниот суд се виновни затоа што овој закон не е донесен. Мислам дека тоа е нечесно од наша страна да го правиме. Не е ни чесно, ни правично ни хумано.

Според тоа сметам дека треба да бидеме, навистина на ниво на задачата која што ни е ставена пред нас како законодавен дом да ги почитуваме Уставот и законите. Да го почитуваме она што навистна ќе не однесе во Европа како правна држава, а не да се однесуваме популистичи.

Јас сум за тоа, како и сите вие на овие луѓе да им се реши статусот, да им се реши прашањето со вработување или на некој друг начин, социјална помош или било што и колку сум во тек Владата работи на тоа, и тоа интензивно. Вие знаете дека најзагрозената група на граѓани, самохраните мајки и деца без родители се првата категорија за која што Владата презеде мерки да им се помогне и да им се овозможи вработување. Сите останати невработени лица, вклучувајќи ги и лицата кои што останале без работа како последица на стечајна постапка исто така да бидат опфатени со програма за вработување од страна на Владата.

Споерд тоа апелирам повторно, имајќи ги предвид прописите од Уставот и Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Да не се поигруваме со луѓето и да им даваме лажна надеж дека на ваков начин ќе им го решаваме прашањето. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Дулиќ.

Повелете госпоѓо Јаневска, имате збор како предлагач.

**Весна Јаневска:** Потпретседателе сакам да препрашам нешто друго.

Бидејаќи надвор стојат многу луѓе, а времето за пауза се приближува предлагам доколку има пратеници што ќе го подржат предлогот да ја одложиме паузата, да нема пауза и да продолжиме со работа. Бидејќи нема многу пријавени за збор да гласаме и да ја завршиме голготата на луѓето што стојат надвор пред Собранието.

**Бесим Догани:** Јас мислам да му дадеме право за реплика на господинот Иван Стоилковиќ и после да свикаме координација во 14,00 часот.

(Реакција на пратениците од место).

Повелете господин Иван Стоилковиќ.

**Иван Стоилковиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Пратеничката Благородна Дулиќ ги повика правниците во овој состав на Собранието да земат збор и да се изјаснат по некои прашања, меѓутоа во текот на нејзината дискусија не успеав да видам нешто правничко освен замаглување на работите и, условно кажано, доведување на работите до таа мерка да не можат јасно да се гледаат што мислат. Мислам дека предлогот што го дава ВМРО Народна партија секако е конструктивен и не само што е конструктивен од една страна, туку од друга страна предлогот е ист со предлгот што Собранието на Република Македонија го донесе во претходниот состав и на кој претседателот на Република Македонија согласно неговите законски и уставни овластувања не даде согалсност за истиот. Меѓутоа, со тоа и заврши со Уставот и со Законот утврдената улога на претседателот на Републиката во овој процес, што значи дека доколку денеска успееме да го донесеме овој закон претседателот на Републиката не е тој што треба да се изјасни по овој Закон. Значи останува само уште Уставниот суд на Република Македонија. Значи, да ги расчистиме работите, да не ги замглуваме работите и да ги оставиме едноставно пратениците да си го искажат својот став и во своите дискусии и на крајот со гласање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Макрадули пред да ви дадам збор процедурално би сакал вашиот предлог, прв и предлогот на госпоѓата Јаневска да го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи немаме доволен број на пратеници.

Ги молам службите да не известат за точниот број на пристуни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Господине Макрадули дали имате подржка од 10 пратеници.

(Пратениците од пратеничката група од СДСМ креваат рака).

Во ред, имате.

Предлогот на господинот Макрадули и на Весна Јаневска да работиме и во текот на паузата за ручек го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници. За предлогот гласаа 35, воздржано 1 и против 31.

Констатирам дека предлогот е прифатен.

(Реакција на некои пратеници од место).

Не е усвоен, се извинувам.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван господине потпретседателе,

Јас не верував дека на пратениците од парламентараното мнозинство повеќе им се руча отколку ситуацијата да ја согледаат, што се случува недвор. Има сериозен инцидент...

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ од место)

Но, процедурално не станува збор за гласање за закон. Станува збор за гласање за одлука. Одлуката има мнозинство на гласови, бидејќи имало и мнозинство присутни пратеници, па доколку не го прифаќате тоа барам подржка од 10 пратеници, бидејќи разликата е пет гласа. Ова е одлука и не треба да се носи како закон до 40, да се гласа поединечно.

**Бесим Догани:** Процедурално бара збор Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Уште пред да побара колегата од СДСМ ние баравме да имаме една заедничка координација. Тоа е барање на претседателот на Собранието уште пред 1 час и тој веќе не чека во Охридска сала да седнеме и да се договориме на кој начин ќе продолжиме со работа на денешната седница.

Значи, воопшто нема потреба ниту од гласање, ниту од надгалсување, ќе се разбереме на координација како и секогаш и ќе излеземе со заеднички став.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Тогаш, координација во Охридска сала.

(Масовна реакција на пратениците на СДСМ од место).

Повелете господине Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе.

Значи, да нема дилема јас претпоставувам дека како координатор на пратеничката група доколку пред еден час претседателот сакал да не собере и да ни даде задача да се појавиме на координација, таква информација немам и такво барање од претседателот на Собранието нема во овој момент.

Апелирам уште еднаш. Има сериозен инцидент. Надвор има 5000 луѓе...

(Реакција на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

Зборувам за доброто на парламентарното мнозинство ако може да сфати, ако не може да ја сфати пораката. Вие мора да го ставите поединечното гласање во процедура, бидејќи тука не може да се прекине расправата. Се затвораат вратите и се гласа. Да пристапиме кон тоа.

**Бесим Догани:** Во ред дали имате подржка од 10 пратеника.

(Некои пратеници креваат рака).

Ги молам службите да ги затворат вратите и да преминеме на поединачно гласање.

**Фелек Касами:**

| | |
|---|---|
| Авировиќ Владанка | против |
| Адеми Џеват | не е тука |
| Ајдини Насер | не е тука |
| Алити Рафис | не е тука |
| Анастасовски Иван | не е тука |
| Андов Стојан | против |
| Андоновска Марија | не е тука |
| Арифи Теута | не е тука |
| Ахмети Али | не е тука |
| Бендевска Весна | за |
| Беџети Блерим | не е тука |
| Бонева Силвана | против |
| Божиновска Валентина | за |
| Бучковски Владо | за |
| Буџаку Агрон | не е тука |
| Вејсели Абдуладн | не е тука |
| Велиу Фазли | не е тука |
| Вељаноски Трајко | против |
| Витанов Зоран | не е тука |
| Георгиевски Љубиша | не е тука |
| Георгиевски Љубчо | не е тука |
| Кире Гештаковски | не е тука |
| Ѓелова Стојанова Соња | против |
| Герамитчиоски Тале | за |
| Гинев Јован | против |
| Грковска Славица | за |
| Грозданов Цветко | против |
| Дамески Панче | не е тука |
| Даневски Томе | против |
| Деркоски Оливер | против |
| Димеска Катерина | против |
| Димитриевски Дарко | не е тука |
| Димитровски Ратко | против |
| Димовски Илија | против |
| Догани Бесим | против |
| Додовски Марјан | не е тука |
| Дончев Данаил | не е тука |
| Дулиќ Благородна | против |
| Дураки Садула | не е тука |
| Ѓорѓеска Ружа | против |
| Ѓорѓиевски Веле | против |
| Ѓорчев Владимир | не е тука |
| Жерновски Андреј | не е тука |
| Зашов Благој | за |
| Ибиши Хазбије | против |
| Иванов Љубисав-Ѕинго | против |
| Иванова Цветанка | за |
| Ивановска Јаготка | против |
| Ивановски Игор | за |
| Јакимовска Светлана | против |
| Јакупи Зумрете | не е тука |

| | |
|---|---|
| Јаневска Весна | за |
| Јашари Аднан | не е тука |
| Каба Гарип | против |
| Кадри Фљора | против |
| Киров Ацо | за |
| Кипаризовска Крстеска Анита | против |
| Китаноски Илија | против |
| Китаноски Лазар | за |
| Кондарко Борис | за |
| Коцев Ванчо | против |
| Крстевски Стојче | не е тука |
| Куновска Јагнула | не е тука |
| Лалчевска Ристана | против |
| Макрадули Јани | за |
| Манасијевски Јован | за |
| Маркоски Гоце | не е тука |
| Матоши Ружди | против |
| Мисовски Горан | за |
| Митаноски Веле | за |
| Митрева Илинка | не е тука |
| Мери Младеновска Георгиевска | за |
| Мустафа Неждет | за |
| Незири Хади | за |
| Незири Сафет | не е тука |
| Николов Марјанчо | за |
| Николоски Александар | не е тука |
| Оровчанец Ѓорѓи | не е тука |
| Пачемски Миле | против |
| Пенов Ристо | за |
| Петковски Тито | не е тука |
| Петрески Зоран | против |
| Петров Горан | против |
| Положани Азиз | не е тука |
| Поп Арсов Петар | против |
| Поповска Лилјана | воздржана |
| Поповски Никола | за |
| Рамадани Агим | против |
| Рахиќ Есад | за |
| Реџепи Даут | не е тука |
| Рилкоски Никола | за |
| Салију Селвије | не е тука |
| Салиу Шабан | против |
| Секуловска Мирјана | против |
| Селмани Ајше | не е тука |
| Селмани Елмазе | против |
| Серафимов Влатко | за |
| Спасеновски Александар | против |
| Станчевска Нада | против |
| Стефановска Анета | против |
| Стоилковиќ Иван | за |
| Стојанов Ристо | против |
| Сулејмани Фадил | на е тука |
| Танчева Тулиева Надица | против |
| Тачи Мендух | не е тука |
| Ташева Виолета | против |
| Топузова-Каревска Роза | за |
| Трајанов Павле | не е тука |
| Ќуркчиев Никола | за |
| Филипова Верица | за |
| Хасипи Кенан | за |
| Хани Тахир | не е тука |
| Цаноски Фијат | против |
| Цветковска Благородна | не е тука |
| Џафери Арбен | не е тука |
| Шамбевски Оливер | против |
| Шекеринска Радмила | за |
| Шутаров Васко | против |
| Спасовски Оливер | за |
| Слободан Најдовски | за |

**Бесим Догани:** Гласале вкупно 78 пратеника. За гласале 33, против гласале 44, воздржано гласале 1 пратеник.

Според тоа предлогот на пратеникот Јани Макрадули не е прифатен.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи на координација.

Ве молам уште еднаш координаторите на пратеничките групи да дојдат на координација.

Пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,16 часот).

(По паузата седницата почна со работа во 15,07 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со претресот и со оглед на изгласаната и договорена агенда мислам дека попладневниот дел на денешната седница треба веќе да се сообразуваме со времето за да можеме, со оглед на ситуацијата да завршиме побрзо со точката.

Збор има пратеникот Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Во минатиот состав на овој Парламент го имавме истиот закон пред себе и во таа прилика јас како и мнозинството мои колеги гласав за него. Подоцна произлезе објаснување дека тој закон, таков каков што е не е уставно издржан. Законот не стана полноважен а проблемот на стечајците и технолошките вишоци остана непроменет. Јас им благодарам на колегите што прочитаа дел од моите ставови и ставовите на ДОМ, околу проблемот со оваа група наши сограѓани. Нашиот став беше јасен. Тие се жртви на транзицијата и државата треба да ги обесштети преку како паричен надомест со кој тие ќе имаат достоинствен живот. Правна основа за тоа да најдат експертите по право. Јас сега немам причина да го сменам ставот генерално земено, како тогаш така и сега, сметам дека

невработеноста и сиромаштијата треба да се решаваат со целосна програма која ќе опфаќа повеќе елементи и тоа најмалку четири.

Прво, бизнис климата за отворање нови фирми, мислам и на домашни и на странски.

Второ, активни мерки за вработување, трето, достоинствена социјална заштита за сите што немаат средства за егзистенција и четврто, крај на агонијата на стечајците и техонлошките вишоци, затоа што тоа е последната трагична опашка на транзицијата и крајно време е да се прекине.

Ова е Влада која има голема шанса да направи економска пресвртница. Ја има според мое длабоко уверување критичната маса компетентни луѓе со јака волја да одработат за својата земја. Презеде и презема енергични и логични мерки за економски развој, создава поинаков амбиент. Во тие мерки не се само економските закони, туку и борбата против корупцијата и организираниот криминал како и зајакнување на институциите на системот. Но, во тие мерки, почитувани колеги, сметам дека треба да влезе и разрешницата со жртвите на транзицијата, зашто без тоа ќе имаме камен на ногата во економскиот развој, но и камен на душата ако не најдеме начин да им се помогне.

Што се однесува до владината програма, јас веќе сум се произнела повеќе пати, ДОМ има речиси идентична програма во делот на економскиот развој, но, има одредени разлики во социјалната сфера. Со задоволство можам да кажам дека она што Владата досега го направи на планот на социјалата, отиде далеку над она што беа дури и официјални владини ветувања на партијата која што е носечка во оваа коалиција. Така што со задоволство ги примив мерките како што се, стимулативни мерки за вработување на самохраните родители, на децата без родители, податоци за изградба на 1000 социјални станови и редица други стимулативни мерки во тој пакет од 5 проекти каде што треба да бидат опфатени голем број повеќе илјадници наши сограѓани кои што припаѓаат на специфични социјално загрозени групи. Значи, она што го прави е во духот на она што сметам дека води кон изградба на социјална држава и во духот на она што се и мои залагања и залагања на ДОМ.

Но, еве, овде во делот на она што значи решавање на прашањето на стечајните работници и технолошките вишоци, имам одредена разлика и јас затоа и сакам тоа да го појаснам.

Почитувани колеги, прво, да бидеме сите на јасно, според сите разговори што досега ги имам обавено, не постои ниту еден колега кој што искрено не сака да се разреши овој проблем и да се најде решение кое што ќе биде правично и издржано. Особено им е тешко на колегите кои што беа во минатиот парламентарен состав и кои што исто така пред себе го имаа овој закон. Така што, мислам дека е јасна дилемата кај секој од нас кога го гледаме истиот закон за кој што беше подоцна објаснето дека не може да биде издржан уставно а сега повторно го имаме пред себе да одлучуваме, а проблемот на оваа категорија граѓани и понатаму е нерешен.

Јас морам да кажам дека бев изненадена што повторно ја видов истата верзија на законот предложена во Парламентот, јас тоа и на предлагачите им го кажав, затоа што очекував некаква измена, видоизменета форма а и во она што го зборувавме на координација, очекував и повеќе конкретни амандмани пред да дојде на денот на седницата.

Но, јас би предложила вака. Да постапиме и да настапиме коректно, да најдеме издржано и реалистично решение. Сметам дека ќе треба да се направи една сериозна анализа на опфатот на лицата кои што би требало да подлегнат под некој закон за надомест. Затоа што се манипулира со многу бројки и не знам дали некој човек во државава точно знае за која категорија зборуваме.

Она за што јас се залагам е да се обезбеди паричен надомест само за оние граѓани кои што по ниедна основа досега не добиле паричен надомест, а биле жртви на транзицијата, било преку стечај, било преку категоријата технолошки вишок. Значи, да не зборуваме за оние сограѓани кои што еднаш веќе искористиле некакви надоместоци, затоа што тоа не би било во ред и не би било коректно уште кон редица други категории граѓани. Мене ми е сосема јасна дилемата што ја имаат колегите од Владата и колегите од парламентарното мнозинство и сите тие аргументи кои што беа изречени држат, и постои опасност да се стават во нерамномерна положба разни категории граѓани, стари, средно стари и нови стечајци, идни стечајци или технолошки вишоци. Значи, постои можност да се доведат во нерамномерна положба некои што добиле некаков надомест по некоја основа, некои што не добиле никаков надомест или некои што добиле надомест, но тој не бил доволен за достоинствено живеење. Прашањето е деликатно, тоа треба да се решава во пакет на редица мерки кои што ги спомнав, меѓутоа ние сега сме соочени со едно конкретно прашање. Како човек од минатиот состав на Парламентот кој што гласал за еден ваков закон, мене ми е тешко да не гласам за потребата за донесување ваков закон. Посебно што сум убедена дека треба да се најде надомест за одредена посебно загрозена група граѓани кои што се над 50-тина години старост и кои што тешко можат да најдат работа, кои што 10 години се измачени во барање работа и кои што од објективни причини, тешко и ќе најдат работа. Посебно имајќи предвид дека ние сеуште ги немаме резултатите на мерките за создавање бизнис клима за унапредување на економскиот развој и сл. Ние се уште немаме развиен пазар на трудот и во моментов навистина е тешко да се претпостави дека сите тие граѓани ќе можат да бидат опфатени со активните мерки. Значи реално, ќе остане една група, еден баланс кој што државата некако ќе треба да го решава. Во моментов тоа државата го решава преку

определена социјална помош, меѓутоа знаеме дека таа социјална помош е на многу ниски гранки и тоа е посебно прашање за кое што во многу прилики сме разговарале, верувам дека ќе треба повторно да се разговара и да се најде некаков начин од некаде да се изнајдат средства за покачување на таа ниска основица. Меѓутоа, се среќаваме со едно многу конкретно прашање, едно е тоа што социјалната помош која што одредени наши сограѓани ја добиваат бидејќи немаат вработување и немаат можност за егзистенција, таа е многу ниска, но имаме и едно друго прашање кое што е психолошко и кое што е прашање на чувство на неправда и на неоправданост. Затоа што оние наши сограѓани кои што имаат над 25 години барем, па и повеќе стаж, чувствуваат дека се онеправдани што не можат да уживаат во резултатите на тој свој долгогодишен труд. И тука имаме еден проблем кој што има повеќе димензии, меѓу останатото, има и своја сосема конкретна политичка димензија. Сето тоа го зборувам поврзано со тоа дека тие граѓани ги сметам за жртви на транзицијата.

Инаку, точно е и сето она што го кажаа министрите и за финансии и за труд и социјална политика. Точно е дека во земјите во економијата во светот, не се употребуваат термини како стечајни работници или технолошки вишоци. Меѓутоа, факт е дека ние имавме такви закони, и дека како резултат на тие закони, на тие процеси и на тој огромен грабеж на државниот и општествениот капитал ние имаме луѓе кои што се жртви на таа транзиција. Значи, затоа мислам дека прашањево ја има таа политичка димензија и треба и политички да му се пријде со начин на надминување. Значи, соочена со ова прашање, со овој текст на закон за кој што велам еднаш сум гласала, за кој што сега знам дека е проблематичен со Уставот, јас сум поставена пред дилема што да правам. Во моментов би предложила вака. На предлагачите да им предложам да го видоизменат или да го повлечат, да се донесе некаков друг закон многу конкретен, многу реалистичен кој што навистина би можел да ги реши проблемите и еднаш за секогаш да завршиме со тоа што ни се провлекува од минатиот систем. Значи, на прашањето дали сум за донесување закон, јас ќе гласам за, затоа што не би можела да го менувам ставот во поглед на минатиот пат. Јас сакам да се реши проблемот но, јас би го повикала и колегата Веле Митаноски кој имаше многу слична дискусија пред мене, и колегите што го предлагаат, на некој начин, да се најде начин да се видоизмени и да се најде реалистично издржано решение за кое што нема да имаме дилема дали некој ќе го оспорува и дали ние ќе имаме проблем при гласањето. Значи, сосема со конкретен предлог излегувам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Слободан Најдовски се јави за реплика, повелете.

**Слободан Најдовски:** Јас внимателно ја слушав дискусијата на колешката Поповска, и во стилот угоре високо, удолу длабоко, бегајќи да каже дека единствено решение во овој случај е ако се прифати нејзиниот предлог за повлекување или видоизменување на законот, единственото решение е Владата да излезе со конкретен предлог. Но со оглед на тоа што овој закон е од поодамна поднесен во Собранието, Владата даде негативно мислење, а од друга страна не понуди Владата ниедно друго решение. Ако нема понудено друго решение, тогаш неиздржлив е предлогот предлагачите да предложат видоизменето решение. Што значи во овој момент, Владата нема решение за проблемот на луѓето кои што треба да бидат опфатени со овој закон. Ако нема Владата решение, тогаш единственото решение останува ние пратениците овде во Собранието да го изгласаме овој закон. Во спротивно, се друго ќе биде само, би рекол, манипулација со луѓето кои што се засегнати со овој проблем. Или треба да се донесе законот или не треба да се донесе законот. Јас сум на становиште дека треба да се донесе овој закон. Единствен услов, да повторам, за да се бараа видоизменување на законот е Владата да излезе со друго решение. Владата во своето мислење што го даде по повод донесувањето на овој закон само искажа дека законот не треба да се донесе. И мерки за во иднина да се развива бизнис клима, не знам што. Овие луѓе кои се надвор, колку сакате развивајте бизнис клима тие не можат ни еден да отворат сопствен бизнис. Ниту пак сега на 55-60 години ќе ги земе на работа. И затоа мислам дека ја поддржувам госпоѓа Поповска дека треба еднинствениот проблем и еднинствениот начин, пак кај што ќе бараме решение тоа е Владата. Но во овој момент Владата не ни нуди решение, не ни останува ништо друго освен да го изгласаме овој предложен закон. Или во спротивно партиите кои што ја подржуваат моментално Владата и партијата на госпоѓа Поповска ДОМ и НСДП кои што не се согласуваат на ваквото решение на Владата треба да и изгласат недоверба на Владата и да се повлече од Владата, друго решение нема, друго сето е само додворување на тие луѓе, останувиа во Владата, ама ако може на нив да им се реши.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Контра реплика од една минута име госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Нема од што да бегам, од вистината не се бега, ни од срамот не се бега. Значи, ова што го кажав сега го искажав и пред стечајците и во јавноста пред медиумите и најлесниот дел е гласањето. Јас ќе го изгласам овој закон, но јас не сакам тие луѓе да бидат измамени и потоа тој закон да падне. Затоа предлагам едно реалистично и конкретно решение кое ќе трае и кое ќе опстои. Тоа е се.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Поповска.

Збор има пратеникот Иванов Љубисав Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам потпретседателе, другари и другарки.

Јас подолго време не излегувам на оваа говорница така одлучив да слушам, да гледам, да посматрам, да студирам, анализирам и да видам каде оди Македонија. Кое проклетство не зафати како македонци. Зошто ние дојдовме до ова дереџе. Како тоа земјите од нашето поблиско и подалечно опкружување излегоа од големите кризи, во транзицијата во кои што и тие ја подигнаа економијата, создадоа стабилни општества, функционални системи, итн. И денеска одлучив да станам и да го искажам своето мислење. Цело време гледам дека тука има многу цинизам, фрустрации, демагогии, и дека практично ништо не се менува. Остануваме на оние основи и позиции со кои ја доведовме оваа држава во оваа состојба. Меѓусебни расправи, навреди, надмудрувања и се она што практично на овој народ и оваа држава не и користи. Јас освен дискусијата на Митановски кој еден дел зафати од причините кои што доведоа до овие последици, нема прилика да чујам од други дискутанти тука што излегуваат или од место и зборуваа барем од аспект на тоа тие да не се повторуваат.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Ние, почитувани другари, сега сакаме со некое волшебно стапче да ги разрешиме проблемите што се гомилаа 15 години во Македонија. 15 години ние имаме страотна стагнација. 15 години ја рушевме оваа економија македонска, и тоа во време кога глобалната економија и бизнисот во светот цветат. Во време кога мултинационалните компании, и банките кои се поврзани во еден непрекинат ланец, створаат најголеми профити од како постои човечанството. Во време кога имаме стапки на раст највисоки во светот. Највисоки, такаречиси, после Втората светска војна. Во време кога не некој не сака тоа да го слуша. Во време кога виновниците ги затвараат своите уши. Еве во такво време ние мислиме дека со удварањето на луѓето, на демагошки настапи ќе спечалиме поени. А тоа значи, популизам, меркетинг, итн. Не само да си играме со судбината на народот, ние ја држиме во заложништво Македонија и судбината на Македонија.

Кој не доведе до оваа состојба? Најмногу ние, самите. А потоа и некои од надвор кои упорно ги слушаме. Кој не доведе до тоа да практично немаме економија? Кој не доведе до тоа да имаме една армија невработеност преку 300 илјади луѓе? Кој не доведе до тоа да младите луѓе ни одат во светот на печалба? Кој ја остави оваа земја без надеж, без перспектива? Не можам ни себе да се изземам од тоа затоа што непрекинато сум во овој Парламент. Меѓутоа, уште од првиот ден зборувам дека најголемиот приоритет на сите приоритети е економијата. Дека, ако ги решиме проблемите во економијата, ќе ги решиме и сите други проблеми. И ако ги решиме тие проблеми, нам ни се отворени вратите и во Европска унија и во НАТО и на секаде. Само богати држави, држави во кои функционираат системите и држави во кои што има задоволни граѓани, само таквите држави можат да влегуваат во разни интеграции.

Почитувани колеги, па каде го распродадовме нашето национално богатство и кој го распродаде? Кај се парите од тоа национално богатство? Отидоа приватни џебови или отидоа во Буџетот и ги изедовме во потрошувачката.

Денеска, кога ќе тргнете низ Македонија, гледате градови авети. Погледнете, еден од најразвиените градови во Македонија, Пробиштип, денеска се дави во сиромаштија и беда. Крива Паланка, Делчево,Берово, Пехчево,Крушево, Македонски Брод, Демир Хисар, Демир Капија, да набројувам ли уште? Цела Македонија е зафатена со една страшна стагнација, беда и сиромаштија. Деновиве читам дека 50% од населението живее под прагот на сиромаштијата.

И, место да се зафатиме,како крајно време, како нов Парламент да ги решаваме тие витални прашања, ние и денеска, во Парламентот, меѓусебно се пресметуваме, навредуваме и никој ништо практично корисно не нуди. Дали некој стана да предложи како да ја оживееме економијата? Најлесно е да си играме со овие луѓе, бедни, сиромашни. Јас знам што значи беда и сиромаштија. Произлегувам од таа средина. Знам како тешко живеат селаните, знам како им е тешко на работниците кои останаа без работа, затоа што со тие работници јас сум ги постигнал најголемите резултати.

Ама, некој рече ли како ние да ја решаваме социјалната сфера во Република Македонија? А таа се решава со развој, со нови вработувања, да ги полниме пензиските фондови, со пораст на личните доходи. Нам ни остана да ја делиме сиромаштијата, но во сиромаштијата нема ништо.

Мене ме боли кога гледам како оваа земја, што ја сметам за своја татковина како пропаѓа. Како тука не можеме да бидеме свесни и свеста да дојде до израз, да сфатиме дека е крајно време, дека треба да преземеме определени мерки. Не можеме ние на друг начин да ги решаваме проблемите. Да застанеме зад некоја програма, да постигнеме консензус по економските прашања за кои говорам еве веќе 15 години и каде не постигнавме таков концепт. И, кога се работи за закони од сферата на економијата да расправаме тука, да дискутираме и едногласно да ги донесеме. Тоа е излезот. Тоа е начинот да можеме да ги решиме овие проблеми. Инаку, сум зборувал за тоа и сега ќе кажам. Ако во тој поглед не направиме напори, ние ќе имаме евидентен, социјален револт и бунт. Тука треба да ги насочиме сопствените напори.

Според тоа, може ли сега, ви поставувам прашање, тие практично, еве да се земам и себе си, кои не доведоа во оваа ситуација, сега да

обвинуваат на еден многу проѕирен начин други луѓе, други институции, па ние оваа Влада ја имаме неколку месеци. Проблемите се од 15-те години на владеење на различити влади. Послеиците доаѓаат од промашеното, неуспешното владеење. Од крупните промашувања во сите домени на развојот во државата. Таа е доведена во многу, многу тешка положба.

Тоа треба отворено да му се каже на овој народ. Не помагаат овде ниту мојот говор не помага, не помагаат особено говорите на оние кои активно учествувале во уништувањето на оваа држава. Како ги распродадовме нашите национални богатства? Во бесцење, подароци. Повеќе во лично богатење отколку во богатење на државата. И, наместо да ги продадеме тие витални објекти како што се Телекомуникациите, делови на Електростопанството инт., итн., за големи пари и тие пари да ги ставиме во фондови за развој, да отвориме нови капацитети, да вработиме луѓе, ние ги подаривме на разни странски компании. Тоа го направивме и со најрентабилните производствени капацитети во Македонија. Големите капацитети се уништија, помалите капацитети кои даваат големи ефекти се дадоа за ситни пари, народот остана без работа. И тука се нашите дефекти и тука треба да ги бараме причините и да ги отстраниме тие причини, да предложиме решенија што ќе ги разрешат на поширок план овие проблеми. Не сепаратно.

Прво, морам да ја поздравам иницијативата на колешките што го предложија овој закон. И во светот е пракса пратениците до помош на институциите на државата, на стручните служби да припремаат закони и да го предлагаат во Парламентот. Меѓутоа, треба овој закон целосно да се проучи за кои стечајни работници се однесува. Дали на оние кои низ стечаите, што се направија неоправдано, каде вина сноси државата, стечаите каде што државата беше сопственик и каде што работниците останаа без работа. Дали се однесува само за тие работници? Или се однесува и за оние стечајни работници кои приватните фирми ги направија вештачки стечајци, со правење вештачки стечај и ги оставија без работа? Тоа прашање мора многу посериозно да се проучи, простудира.

Мора да ја задолжиме Владата, Владата мора да понуди решение. Не е ова што го нуди Владата. Тоа не е добро. Владата, практично, да понуди решенија во еден комплексен облик, треба да ги опфати и да расчисти сето она што треба, што е виновна државата и она што практично државата немала свое влијание.

Еве, на тој начин, јас мислам дека мојот предлог е, знам, можеби некои колеги нема да се согласат со мене, но да донесеме еден заклучок да Владата, во рок од неколку месеци предложи комплексно решавање на овој проблем. Затоа што ние, непрекинато произведуваме стечајци. Тоа е единственото производство што се одвива во државата. Според тоа, тој проблем непрекинато ќе биде присутен. Ако тоа не го решиме комплетно, како што го решава светот, се повеќе и повеќе ќе тонеме во проблеми.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Иванов.

Збор има пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани дами и господо пратеници,

Би сакал на самиот почеток да ја искажам мојата почит кон предлагачите на Предлогот на закон за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување од едноставна причина што имаа доблест да понудат едно решение со кое што би се решила агонијата на овие стечајни работници, кои со години бараат помош од институциите на системот. Не бараат луксуз, туку бараат да опстанат во живот, бараат корка леб.

Жал ми е што одредени дискутанти во ова Собрание дискусијата ја насочуваат во сосема поинаква насока. Убеден сум дека луѓето кои штрајкуваат надвор и ја бараат социјалната правда во оваа држава и те како добро знаат кој ги довел во оваа ситуација. Враќањето во историјата нема да го реши нивниот статус.

Проблемот е конкретен и бара решение. Кој е повеќе или помалку виновен, има време тоа да го решиме понатаму. Државата треба да направи две битни работи:

Прво, да ги опскрби овие луѓе, бидејќи, барем според Уставот сме социјална држава. Дури, во подоцнежната фаза ќе ги бара причините и ќе ги казни луѓето кои доведоа овие стечајци да се најдат во ваква ситуација.

Оттука, сосема е декласирано овде да се повикуваме на одредени уставни решенија, да толкуваме одредени уставни одредби во услови кога нам ни умираат луѓе. Ни умираат од глад, од беда, од сиромаштија. Токму оваа категорија на граѓани, барем според моиве сознанија, има неколку смртни случаеви.

За мене, човековит живот е многу побитен од било кое круто толкување на било која одредба од законот или Уставот. Дотолку повеќе што ние велиме дека и нашиот ист Устав на што се повикувале овде, вели дека човековиот живот е неприкосновен. Дека сме социјална држава. Држава во која што ќе има социјална правда.

Имав можност на координацијата да се сретнам со една група луѓе, делегирани од страна на стечајците кои побараа помош од нас. Имаше пртставници од, речиси, сите претставнички групи. Во тој момент помислив дека веќе најдовме решение за проблемот, бидејќи на координацијата над 90% од присутните одговорија позитивно дека ќе го поддржат овој закон во форма во која што е даден. Во меѓувреме, не знам што се случило. Верувам дека и Владата прави обиди да се реши ова прашање, меѓутоа во овој момент имаме маса која чека надвор, а овде имаме едно конкретно

решение што треба или да го гласаме или да не го гласаме.

И на координацијата се изјаснив дека ќе ја поддржам онаа верзија на законот со што ќе се реши проблемот на овие луѓе. Решението што ни се нуди е решение што го решава проблемот на овие граѓани кои на оваа возраст, да бидеме реални, тешко дека ќе можат да најдат вработување. Имавме можност пред неколку дена, преку медиумите, да го чуеме гласот на текстилниот еснаф кај нас. Сите рекоа дека таква категорија на работници не им се потребни. Тоа се луѓе претежно во напредната возраст и не верувам дека било кој во приватниот бизнис ќе се сожали на оваа категорија на граѓани и ќе ги вработи. Бидејќи приватниот бизнис признава само приход и ништо повеќе, но државата е таа што ќе се грижи за своите граѓани, да им го реши социјалниот статус.

Пред претставниците на стечајците изјавив дека ќе го поддржам Предлогот на закон во форма во која што ќе се реши нивното прашање и дека, доколку со некоја амандманска интервенција се промени суштината на законот, јас нема да го поддржам.

Според тоа, почитувани колеги, не се работи за демагогија. Се работи за луѓе кои се гладни и бараат помош од оваа држава. Не го решаваме прашањето со тоа ако ја префрламе вината од едни на други. Една Влада мора да почне да го решава проблемот на овие луѓе. Ако не го направила тоа претходната Влада, нека го направи сегашната. Ова ни е можност да им помогнеме на тие луѓе.

Според тоа, да не должам повеќе, бидејќи е во интерес на граѓаните кои протестираат пред ова Собрание, редно е дефинитивно да ги напуштиме партиските стеги и да гласаме според совеста. Јас ќе гласам според совеста и ќе го поддржам овој Предлог за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеничката Мирјана Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Денес на седница на Собранието на дневен ред ни е Предлогот на законот за дополнување на Законот за ПИОМ. Сметам дека се работи за извонредно актуелно прашање, од причина што голем број граѓани на Република Македонија, поранешни работници и осигуреници, не по своја вина останаа без работа и извор за егзистенција, поради престанок на работниот однос заради стечај на претпријатијата во кои беа вработени. Поради тоа Предлог-законот заслужува апсолутно внимание и како идеја апсолутна поддршка. Но, исто така сметам дека со усвојувањето на законот, проблемите во врска со егзистенцијалното згрижување со пензионирање само на дел од работниците осигуреници на кои работниот однос им престанал или ќе им престане не по своја вина, ќе биде доведена во прашање уставноста на законот поради доведување во нееднаква односно привелегирана состојба на тие работници во однос на работниците кои останале или пак во иднина ќе останат без работа поради престанок на работниот однос, поради економски, технолошки, организациони и слични причини, т.н. деловни причини, според Законот за работни аодноси, а ги исполнуваат истите услови, 25 години пензиски стаж. Впрочем, не случајно и до сега овие две категории на невработени остваруваа исти права според Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Дополнително на тоа, а посебно од аспект на правдата и правичноста, ќе се отвори прашањето за правата на пензионирање на голем број активни работници со далеку поголем пензиски стаж, според кој стекнале или ќе стекнат право на пензионирање, според постојниот Закон, но тоа право не ќе можат да го остварат поради неплатени придонеси за ПИОМ. Неспорно е дека најмалку упатените, во врска со состојбите на уплата на придоенси за ПИОМ, знаат дека мала е веројатноста дека неплатените или помалку платените придонеси било кога ќе бидат платени. Така на пример, работник маж на 58 години возраст и со 38 години пензиски стаж, технолошки вишок, нема да може да оствари ниту пензија, ниту трајно право на паричен надомест, а стечаен работник ќе се пензионира со 25 години пензиски стаж на 40 годишна возраст.

Согласно напред изнесеното, сметам дека Предлог-законот за дополнување на Законот за ПИОМ, односно новиот став 3 на член 17, треба да се трансформира односно би требало да гласи вака: "Осигуреникот стекнува право на пензија и кога е наполни 25 години пензиски стаж, без оглед на годините на живот, до колку работниот однос му престанал поради поведување на постапка за престанок, на работодавачот, согласно Законот за стеај, или поради откажување на договорот за врботување, од деловни приини, односно технолошки, економски, организациони и слични промени, согласно Законот за работни односи". На тој начин се опфаќаат сите категории на невработени и ќе се реши проблемот интегрално, а не како што е сега со Предлогот, парцијално. Во тој контекст се согласувам и мислам беше предлогот на господинот Љубисав Иванов-Ѕинго Владата во најскоро време да преземе соодветни активности кои ќе бидат реални и издржани, за решавање на статусот на сите категории на вработени, по различен основ.

На крајот сакам да кажам дека многу иритира ставањето на тест на идеологијата преку неиздржани предлози и прозивки, поединечни, за пауза или не, бидејќи ова суштинско прашање чекало решение од претходната Влада и од претходната, а ние тука губиме време во прозивки заради хирот на опозицијата односно долготрајно нивно политиканство, наместо водење на политика која произлегува од реалниот живот и реалните проблеми, за што имале претходно најмалку четири години да го решат статусот на

невработените, вкупно по секој основ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Во интерес на времето ќе зборувам помалку од 30 секунди.

Зборуваме за политиканство и политика.

Политика е ова што ние се трудиме да одговориме на барањата на луѓето што се надвор, а политиканство е, половина од вашата пратеничка група не е тука затоа што е на натпреварот во Албанија, помеѓу Албанија и Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Ќе се потрдуам да ги кажам позициите на мојата партија во врска со оваа група луѓе кои протестираат пред Собранието. Значи се работи за нешто што не засега со години, но, се разбира ние сме луѓе со јавна одговорност, луѓе избрани од народот. Треба да се објаснат неколку народи кои треба да и бидат јасни и на јавноста која не следи.

Ние сме сведоци, ние патувавме заедно во текот на минатото и ги знаеме сите работи и сите наши токови како се развивала оваа земја во текот на овие години, од 90-тите до денес, значи до 2006 година и сите сме сведоци на разни перипетии, посебно од 1992 година кога земјата се осамостои и сите знаеме како требаше да се развиваме, ги знаеме и земјите во нашето опкружување, земјите од Југоисточна Европа кои поминаа низ транзиција и се разбира поминаа многу подобро од нас. Затоа и нашата земја споредена со неколку земји од Југоисточна Европа требало да бидеме на тоа ниво, ниво на развој токму со овие земји, а за жал ние не сме на тоа ниво.

И овие луѓе кои се надвор од Парламентот ако ги прашаме за минатото, како се развиваше земјата во овие години, тие знаат, јасно им е на што е последица тоа што тие денес протестираат пред Собранието. Сите ние како пратеници сме биле и на меѓународни конференции, конференции каде добро е кажано како треба да се работи и да се направи трансформацијата на општествениот капитал во приватен капитал, како треба економијата на социјалистичката земја и тој капитал или тоа стопанство да се преобрази во еден капитал. Значи таа економија да се преобрази во еден модерен развој, во една пазарна економија, како што тоа го бараат демократските земји. Сите ние знаеме дека сме имале проблеми во тој правец. Земјата беше засегната во многу области, за да го развиеме стопанството затоа што почнавме еден процес на преобразба на општествениот капитал и тоа погрешно, правејќи грешки, одејќи од грешка во грешка и денес имаме граѓани кои протестираат пред Собранието.

Во текот на овој период, се разбира, многу политичари од тој период кога се направи трансформацијата на општествениот капитал, направија разни монополи, направија узурпација на многу фабрики и институции кои требаше да бидат во служба на нашето стопанство, да бидат во служба на развојот на земјата, додека тие капацитети создадоа една структура на луѓе кои трансформацијата на овој капитал ја преиначија и ја присвоија за себе, за теснопартиски интереси. Значи, тоа е клучната последица или генералниот проблем кој генерираше до таа мера и денес се наоѓаме во таа состојба во која сме. Верувам дека тоа го знаат луѓето кои протестираат и целата јавност, го знаат сите граѓани затоа што, ако направиме една анализа, анализа која ќе ја обелодени вистината зошто сме во оваа состојба во која сме и зошто има толку луѓе пред Собранието кои протестираат и бараат да се решат нивните проблеми, се знае дека анализата ќе не доведе до обелоденување на еден момент, гледајќи овие работници кои се надвор и кои протестираат, од кои фирми доаѓаат. Треба да се знае дека тоа е последица на едно лошо раководење во еден период од развојот на земјата каде со една негативна постапка ја камуфлиравме економијата и ја монолизиравме нашата економија. Јас ќе направам една споредба.

Во периодот од 1992 до 1998 година е најлошиот период на трансформацијата на општествениот капитал, капитал кој го бараше Европа, Европската унија. Тоа се години во кои нашето стопанство доби негативна насока. Се говори за еден период каде на еден многу лош начин се узурпираат економските субјекти кои требаше да ни дадат визија и токму требаше да создадат нови развојни насоки. Се работи за периодот во кој не е запишан ниту еден странски инвеститор кој требаше да инвестира во нашата земја и да даде пример на западен менаџмент, да даде примери како ние треба да го развиеме нашето стопанство во овој период од раководењето на нашата земја. Јас не би навлегол во квалификации дали на власт беше СДСМ со ПДП, во тоа време, но тоа е нешто за што треба супстанцијална анализа дека тоа е еден период во кој земјата од економски аспект направи регрес и во ниту еден момент немаме развој и стратегија, или изготвување на еден менаџмент кој ќе не одведеше во создавање на подобри економски состојби. Чесите, Пољаците, Бугарите, Романците, Словенците, сите имаа капитал од оваа природа, социјалистички капитал, но тие со една одлучност и со инструкции од деморкатските земји од САД, од Европа успеаа на извонреден начин да ја пребродат транзицијата, ослободувајќи се од негативните последици на луе кои прават монопол врз економијата и развојот на земјата. Токму тука е последицата зошто ние денес пред Собранието имаме стечајци кои бараат работа и разрешување на нивните проблеми.

На почетокот кога реков дека ние сме живееле заедно и ги знаеме аргументите за и против, јас говорам и за времето кога мојата партија беше на власт, токму во тој временски период се потрудивме да се остави оваа традиција до 1998 година што ние ја наследивме. Тоа е периодот кога најмногу дојде меѓународен капитал во Република Македонија, западниот капитал, кога се продаде ОКТА и дојдоа економски субјекти од надвор. Дефинитивно тоа е еде пресврт во однос на економскиот аспект кога Македонија дефинитивно им се придружи на земјите од Југоисточна Европа кои исто така очекуваа западен капитал а кои го направија подобро тоа во однос на преобразбата на стопанството, создавајќи клима и можности да дојдат зубјекти од западните земји за да бидат на чело на нашето стопанство и да дадеме примери како треба да се чекори, како треба да се направи трансформацијата на стопанството и како треба да се развиваме и да се ослободиме од начинот на создавање монополи и задушувањето на нашето стопанство. Значи еден период кога се продадоа фабриките и по едно евро, се работи за период кога земјата создаде инвестиции, извонредно високи инвестиции кои Македонија ја поставија во Агендата на овие земји, како земја со прогрес и со политичка и економска средина која добро ги пречекува странските инвеститори. Затоа оваа сегашна, актуелна Влада, гледајќи ги овие анализи и увидувајќи како работата течела до денес, се разбира дека не е можно да дојдеме до еден момент на еден завршен акт, значи ние да излеземе како позитивни пред граѓаните кои се на улица и да гласаме нешто што нема да ја има таа суштина на едно планирање или менаџирање, со кое ќе ги решиме проблемите на овие граѓани, стечајците кои се пред Парламентот. Јас говорам во име на ДПА, нема да говорам со еуфорија за да кажам некој добар збор за овие граѓани, бидејќи, еве, нашата група ќе гласа за овој закон за и тие да речат еве ДПА не поддржа или не не поддржа, или некоја друга партија. Јас ќе бидам транспарентен и ќе кажам дека нашата парламентарна група нема да го поддржи овој закон кој треба денес да го гласаме. Ние нема да го поддржиме законот поради неколку причини. Основната причина е дека нема да го решиме проблемот. За да се реши проблемот, се разбира, треба да се создадат можности во Владата за да се отвори расправа и да имаме стратегија, а јас знам дека се работи во оваа насока. Значи ние многу брзо на овие граѓани да им ги решиме проблемите, сите проблеми кои се наследени од минатото кои доаѓаакако причина од трансформација на едно стопанство какво требаше да биде нашето стопанство во целина. Граѓаните кои со нетрпение го очекуваат решавањето на овој проблем треба да не разберат и да имаат трпение уште малку затоа што се работи за еден развој кој тек доаѓа. Тие треба да знаат дека се работи за една Влада која е активна Влада, Влада која, еве шест-седум месеци сме на власт, а сеуште немаме некоја афера за жал на организиран криминал со средствата на граѓаните, со средствата од Буџетот кои се наменети токму за граѓаните. Сеуште немаме афера која ја придружувала земјата и сите знаеме колку афери сме имале во изминатите четири години кога бевме на власт кои се токму во однос на злоупотребата на буџетските средства, средства кои се прибираат од даночните обврзници. Значи, се работи за една Влада која е прецизна, точна, која се труди да биде во служба на граѓаните, Влада која не дозволува афери од овој тип. За нашите четири години владеење знаеме што се случувало. Значи имаме Влада која се труди со сите сили да создаде економска средина која ќе биде едно универзално решение за сите граѓани на република Македонија. Затоа сум дециден во оваа насока, барам исто така и од граѓаните кои се надвор пред Собранието да не се водат од емоциите на политичарите кои политичари се трудат да им создадат повеќе сувенири со понуди дека еве ние ќе го направиме ова и ова, но Владата не не слуша и не се согласува. Јас барам едно внимание и од опозицијата и од политичарите кои им ветуваат на овие граѓани дека треба вака да одиме и да ги развиваме работите. Со лаги нема ништо да постигнеме, туку треба да се видиме очи во очи и треба со едно донирање кое треба да ја конкретизира нивната работа и тоа конкретизирање да резултира со еден договор или со еден развој кој развој ќе ги реши проблемите на овие граѓани.

Значи, ова не значи дека ние како Влада нема да го решиме овој пробле, напротив ќе се потрудиме на најдобар начин или во првата можна прилика кога ќе се создаде прилика да го решиме овој проблем на овие граѓани. Додека, ако почнема на пример ако бидам еден политичар кој сака да ги лаже овие граѓани, ќе кажам една вистина. Има неколку Албанци кои се стечајци од Тетекс. Има над 1000 Албанци кои ден денес не добиваат ништо од таа фабрика и се отпуштени од работа со едно едноставно решение од работа и еве колку години тие се невработени. Исто така имаме и од други економски субјекти, како што е Алумина, Медицинска пластика во Тетово и други. Нив можам да ги организирам со еден повик и да бидат пред Парламентот и да го бараат истото тоа што го бараат и овие стечајци - немаме работа, немаме леб, имаме големи проблеми и државата треба да се погрижи и за тие граѓани. Но, не е решение ова. Решението е, повторно велам во генералниот развој на земјата, развои кои ќе бидат за да создадат можности на странските инвеститори да создадат економска средина и амбиент, да имаме нови агенди кои агенди ќе завршат со профит и развој. Уште еднаш ќе повторам.

Јас лично со мојата парламентарна група нема да го поддржиме овој закон, ќе гласаме против од причина што овде има голема политика и во една средина каде е политиката и работи политиката и каде има и манипуланти ние нема да гласаме таков закон и ќе гласаме против овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратникот Благој Зашов. Повелете.

**Благој Зашов:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Знаете дека ретко дискутирам или поточно да кажам се јавувам само тогаш кога имам нешто да кажам и по правило сум краток. Минатиот пат реков 10 минути, ќе се обидам и овој пат во рамките на тие 10 минути да го кажам моето мислење за еден проблем за кој зборував од првите денови на моето ангажирање пред, за време и по изборите во контакти со стечајците на теренот од Третата изборна единица.

Спомнав стечајци, иако денеска многу од нас се обидоа да го појаснат тој термин, да кажат дека се работи за луѓе што не се вработени, а причината што не се вработени, една од причините што не се вработени е таа што сакам да кажам дека тие се резултат на една приватизација на државните претпријатија кога тие беа продадени на лица кои ветија дека ќе вратат поголем број од тие вработени...

(Господинот Рахиќ оди до колега пратеник да се договараат)

Господинот Рахиќ не седи на своето место, дискутира со ...

(Господинот Рахиќ му се извинува од место на господинот пратеник Зашов)

Благодарам за вниманието.

Значи, ги оставија до денес без работа и немаат намера тоа да го сторат. Оваа држава преку досегашните влади споведувајќи приватизација таква каква што ја немаше во ниту една друга земја е соучесник во неволјата на луѓето што ги именуваме како стечајци. Значи не се работи за сите оние кои се без работа, затоа што некои фирми паднале под стечај. Станува збор за онаа категорија работници кои се жртва на приватизацијата. Државата и оваа Влада има обврска да стори нешто за оваа категорија граѓани за кои некој друг не направил нешто, а требало да мисли и на тоа. Имаме еден конкретен предлог за измена на постоечки закон, за кое како правник можам да кажам дека нема да ја постигне целта за која дискутираме денес и можам да ве убедам дека и стечајците што се пред вратите на овој Парламент знаат дека тоа не е решение и дека постои опасност овој закон и покрај тоа што се јавува втор пат во Парламентот ќе биде потпишан од Претседателот на државата, постои голема веројатност овој закон да не биде прифатен од страна на Уставниот суд кога ќе се покрене прашањето за тоа, а верувам дека има многу категории на луѓе кои би можеле да го покренат тоа прашање.

Кое е решението? Мислам дека клучот е во Владата. Затоа и нашата партија и јас лично се залагавме да се побара решение. Затоа и се надевавме дека оваа 12-та седница на која беше поставено прашањето за измена на овој закон како реакција на стечајците дека ќе дојде до Собрание, меѓутоа тој дојде, но 12-тата седница заради оддолжување по разни основи на други седници не ја завршивме и еве сега под притисок на луѓето, кои некој рече им дојде под коска сега се пред вратите на Парламентот.

Значи, и ние како пратеници дискутирајќи за разни теми со долги дискусии практично не овозеживме сите теми што се на седниците на овој Парламент да бидат обработени и да се донесат решенија. Пак ќе речм дека клучот е во Владата и Владата треба да најде решение. За оваа категорија на луѓе размислував подолго време, и пред Нова година се подготвував да поставам пратеничко прашање на премиерот и на министрите задолжени за ова. Не успеав, не стигнав да го поставам прашањето, а бидејќи не бев присутен тука кога повторно имаше седница за пратенички прашања моето пратеничко прашање го упатив до Владата писмено. И што велам во него?

Често пати овие години, вклучително и овде во Собранието можеше да се чуе констатацијата дека моделот на приватизацијата во Македонија овозможи голем дел од државниот имот да се оутѓи по багателни суми. Претпријатијата се обезвреднуваа, а потоа менаџерите или поединци успеваа скоро без пари во однос на нивната реална вредност да ги купат користејќи дисконти до 90%. Новите сопственици потпишуваа договори дека по откупувањето на претпријатијата истите ќе ги рестартираат, во нив ќе вложат свој капитал, ќе задржат на работа определен број на вработени, а дел од дотогаш вработените во тие претпријатија во утврдени рокови повторно ќе ги вратат на нивните работни места.

И, што се случи? Наместо да ги исполнат договорните обврски значителен дел од нивните сопственици прво што правеа беше да се ослободат и од оние работници што останаа на работа, нови не примија, старите не ги вратија, имотот го продаваа и заработуваа особено на атрактивните делови на претпријатијата.

Некои претпријатија станаа успешни фирми и од дивидендата што ја добиваат сопствениците ги отплаќаа долговите кон државата држејќи ги работниците со ниски плати и на разни начини преку овие фирми го зголемуваа своето богатство.

Од друга страна банките и поединци кои имаа пари давајќи кредити со високи лихварски камати успеаја дел од државниот имот да го добијат користејќи го институтот хипотека. Преку такви хипотеки особено се збогатија банки и поединци кои добија деловен простор и атрактивни локации. Во тоа им помогна законодавството со закони усвојувани овде во ова Собрание. Своја улога одиграа и судовите кои го применуваа тоа законодавство.

Последица на претходно кажаното е тоа што голем број на работници од фирмите што беа купени останаа без работа како технолошки вишок или како стечајни работници.

Моето прашање беше и се уште останува бидејќи чекам одговор.

Дали Владата има намера да преиспита дел од приватизационите договори во кои новите сопственици иако добија огромни дисконти не ги исполнија обврските кон државата и кон вработените?
Второто прашање, кое е токму сега актуелно - дали Владата има намера да им помогне на оние кои без своја вина останаа без работа, без средства за живот, осиромашија и сега се наоѓаат на маргините на општеството чувствувајќи се изиграни и напуштени?

Тоа е случајот на стечајците со над 25 години работен стаж и на други стечајци.

Молам со одговорот да ми биде доставен преглед на фирмите кои се продадени преку Агенцијата за приватизација со дисконт 70, 80 или 90%.

Тоа беше пратеничкото прашање на кое очекувам одговор и мислам дека ќе го добијам.

Значи, ќе се вратам назад, прашањето ќе се реши сигурно преку ангажирање на Владата. Овој закон ќе го гласаме, но како правник верувам дека не е решението во изготвување односно во гласање на овој закон. Мора да се најде некое посоодветно решение со кое стечајците ќе бидат задоволни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам почитуван претседателе.

Ја слушав со крајно внимание дискусијата на господинот Ружди Матоши и би сакала во тој контекст да завршам, уште предлагачот Весна Јаневска има збор.

Има суштинска разлика за тој период господин Матоши Ружди. Имено, ако се сеќавате дека ММФ во тој период кога ги враќавме заробените штедни влогови од ТАТ ја тресна вратата и си замина, меѓутоа се најде, дали беа тоа парите од продажбата на ОКТА, или од Телеком не е важно. Меѓутоа, се вратија тие пари. Но, сакам да потсетам на една многу интересна реченица која господинот Владимир Дробњак, главен преговарач за Хрватска ја изговори. Пред да почнат за преговори, за датум за преговори, внимавајте, кога ние го потпишувавме Договорот за стабилизација и асоцијација они беа бледи како крпа, но сватија две суштински работи.

Првата дека механизмот за невработеноста и за вработувањето е основен примат и предуслов. Така и направија.

Кажа уште една многу интересна работа - мноштвото на луѓе, и кај нив има невработени, стечајци, ќе им бидат главната армија за влезот во Европската унија. И што направија? Донесоа европски закони за конкуренција на банки, намалија каматни стапки итн, разно разни механизми со кои ги подотворија портите на невработените. Значи, прво тоа. Јас апсолутно сметам дека оваа бројка на луѓе, технолошкиот вишок се сериозна кондициона бројка на нивните деџи и на самите кои утре ќе ги едуцираме за влезот во Европската унија.

Втора работа во овој миг ако ние немаме добро подготвена бизнис клима останува следниот механизам. Како во овој момент Министерството за труд и социјална политика ќе овозможи вработување на оваа бројка. Со каков друг закон, или со каков механизам кој би можел да ни го подготви Владата.

Јас ќе дадам еден пример. Во овој момент да се обиде домашен инвеститор да сака да отвори банка, ние во овој момент немаме никаков договор за пристапна помош. Тие пари нема да дојдат во скоро време бидејќи немаме датум за преговори, но во овој момент има две варијанти.

Првата варијанта е човек кој сака да отвори фабрика да има своја сума на пари, милион и пол или три милиони евра, на пример да отвори фабрика за земјоделски производи или за некоја суровина од земјоделски производ кој би можел да го пласира за познате бренд фирми, но ќе појде до Македонската банка за поддршка и развој таму договорите кои ние ги имаме, последниот договор кој го донесовме со Германија, тој договор е направен со претходната Влада со 3% оди во комерцијалните банки со 18%. Значи да сака таа сума да ја побара од милион и петсто или осумство, колку му останува ќе мора да даде дел од хипотеката на фабриката. Воопшто во овој момент во Македонија Владата мора да знае нема шанса, немаме таква клима за создавање на нови бизнис капацитети за дополнително вработување. Затоа сметам дека она што ни го порачаа и од Европскиот мешовит комитет и господинот Владимир Дробњак сериозно да се зафатиме. Останува да го направиме тој национален одбор во кој ќе земе учество претставник од секоја политичка гарнитура, да почнеме сериозно со европските закони кои ќе ни донесат една навистина поинаква бизнис клима и ќе можеме да лобираме каде што е потребно да се лобира за Македонија. Во спротивно се ќе остане политичка манипулација и политички конфликт во Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика е пријавен господинот Ружди Матоши.

(Господинот Слободан Најдовски бара збор за реплика на госпоѓата Валентина Божиновска)

Повелете три минути за реплика господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека во жарот на дискусијата на госпоѓа Божиновска направи една грешка или лапсус кога рече дека се вратија парите на штедачите во ТАТ од продажбата на Телеком и од продажбата на ОКТА. Само за разјаснување, од Телеком и од ОКТА не се дадоа ни денар на штедачите. На штедачите останаа голем број на штедни влогови невратени, а каде отидоа парите од Телеком можете да видите во 30-тина градови каде има

започнати и растурени спортски сали и ред други работи. Мислам дека за штедачите на ТАТ од Телеком и од ОКТА не отидоа ни денар, а отидоа во нечии приватни џебови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете три минути за реплика господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Вистина е дека Владата 1998-2002 година имаше план за решавање на проблемот на ТАТ. Тоа беше решено на плански начин и аргументиран начин, начин кој што го створи Владата во тоа време со нејзината стратегија. Значи, ние не бараме ништо повеќе отколку да се даде можност или да се створи атмосвера да се одвиваат разговорите и дискусиите, да се изготви стратегија и заклучно со тоа Владата да го реши проблемот на луѓето кои што се големи страдалници и кои протестираат надвор од салата. Значи, како што се реши проблемот на ТАТ така треба да се реши проблемот на овие стечајци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јанеска:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, како овластен предалгач на законот сакам да издвојам неколку поенти и да дообјаснам, иако сум длабоко убедена дека на сите им е јасно што направивме ние и зошто се обидовме тоа да го направиме.

Би сакала точно да се направи квалитативна и јасна дистинкција и дефинирање на групата на луѓе за кои зборуваме. Точно, ние со овој закон сакавме да ги одвоиме, не да ги поистоветиме со сите други вработени и да дискутираме за тоа дали нивното одвојување е уставно или неуставно.

Според мое длабоко убедување, нивното одвојување е уставно и затоа во законот се дадени две временски рамки односно временско ограничување, според што ќе се направи разлика на овие луѓе од сите други. Зошто сметам дека е тоа праведно? Сметам дека тоа е праведно и правично, соодветно и уставно, затоа што тоа се луѓе кои вложувале во оваа држава под број еден. Под број два, затоа што тоа се луѓе кои се во поодмакната возраст и државата е должна да им спроведе било каква програма на социјална заштита или можност за егзистенција.

Трето, овој закон е закон со општочовечка вредност. Таму во таа група припаѓаат луѓе од различни етникуми, луѓе од различен пол, луѓе од различна возраст и го прави хуманитарен и човечки.

Второ, сметам дека овој закон ќе го реши нивниот проблем. Овој закон може да ја искомплицира работата на Владата, сосема сум свесна и да и ја отежне работата на Владата. Искрено мислам дека и покрај потешкотијата која ќе се појави со донесување на овој закон, има начин дури од Буџетот или од евентуално државните резерви ургентно да се интервенира, за да може да почне да се спроведува. А, јас многу лесно, свесна за леснотијата со која ги понудив решенијата, во овој момент тврдам дека она што јас го понудив и што е искуство на претходната Влада во однос на цигарите и здравството, може да профункционира и да биде од корист, не само на оваа, на секоја друга Влада за решавање на ваквиот проблем.

Конечно, би завршила со тоа дека сите ние овде се сложивме дека тие луѓе се жртва на процесите кои се случуваа во ова општество во изминатите години, можеби не цели 16, но во еден временски период. И, дека било која Влада и било кој Парламент е должен на тие луѓе не да им се одолжи, не да им се извини, затоа што за тоа што е сторено не можеме ни да се одолжиме, ни да се извиниме, туку сите заеднички да си помогнеме, затоа што тие и денес и утре и прекутре и во еден сериозен долг период, ќе бидат сериозен проблем на самите себе, на сите нас и на државата. Сметам дека Република Македонија заслужува и има право да го решава секој проблем поединечно така како што ќе мисли дека треба да биде решен, ние од ВМРО-Народна партија сметавме дека овој проблем треба да се решава вака, како што ние понудивме. Искрено се надевам дека ако се случи овој закон да не се изгласа, дека тие што велеа има посоодветни решенија, во итен некој друг разумен рок ќе ги понудат тие посоодветни решенија, кои ние не сме ги согледале, а јас велам ако се случи да не успее ова, ние во некој разумен рок ќе понудиме друго решение, кое повторно ќе мора да го цени овој Парламент дали е соодветно или не. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Ги молам пратениците што не се влезени во салата да пристапат во салата, да ги заземат своите места, зашто за кратко време ќе ве повикам да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници, за гласале 36, воздржани нема, против 53 пратеника.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Бидејќи агендата изгласана за денес е исцрпена, овде ја прекинувам седницата и продолжуваме утре во 11 часот со нашата стара тема, Деловникот.

(Седницата заврши со работа во 16,32 часот)